# ПАТУВАЊАТА НА ГОЛЕМИОТ ВЕТЕР



Наталија Наумовска

Copyright © Наталија Наумовска, Скопје, 2025

Уредник:

Наталија Наумовска

Издавач:

Наталија Наумовска

Место и година на издавање:

Скопје, 2025

# ПАТУВАЊЕТО НА ГОЛЕМИОТ ВЕТЕР

НАТАЛИЈА НАУМОВСКА

Скопје, 2025

## Пристигнувањето на големиот Ветер

Од студениот и силен ветар прозорите почнаа да се отвораат, звукот што го произведуваа беше застрашувачки чиниш пред тебе се одигрува сцена од хорор филм, а мракот надвор само допринесуваше за големиот ветер да изгледа силен и звучен баш колку што беше голем. Верувајте, поголем ветер немаше никаде, а вие сигурно немате ваков сретнато, но верувам дека и вас ве иритираат моментите кога некој ви продава ветар и магла.

Зборувам за големиот ветер и за неговите страдања персонифицирајќи го до степен до кој можеби ќе изгледа бесмислено, но тоа на крај не е воопшто важно. Најважно е тоа што постои приказна за патувањата на големиот ветер која чека да биде раскажана.

И знам дека ќе си го најде своето место, онаму каде што заслужува да се најде.

***

Ветерот никогаш нема да го видиш, ама можеш да го осетиш. Исто како и со љубовта. Исто како и со чувствата. Исто како и со сонцето. Не можеш да ги дофатиш, не можеш да ги допреш, но ги чувствуваш длабоко во себе, на себе и околу себе.

Недофатни се, а толку присутни. Така започнуваше приказната за големиот ветер, претставувајќи го како дел од хорор сцена, а тој беше толку нежен исто колку што беше груб. И можеше да направиш да се вртиш баш како што тој дува, и после тоа да зажалиш што си постапил така. Но, во природата на ветерот не стоеше дека тој некогаш зажалува, ама баш за ништо. Тоа го правеше голем и силен. Тој никогаш не

се каеше што имаше сила да откорне дрвја или да ти ја наежи кожата кога ќе излезеш од вода на студен ветар. Имаше моќи на рушител, но и на градител. И покрај тоа, тој страдаше, што не го разликуваше од обичниот човек, иако не беше, ама како да беше. Кога ќе си го замислиш во човечка верзија, ќе ти текне само дека предизвикува бура каде и да се појави, ама и ја стопира, да во човечка верзија. Во машки род, зошто сепак е ветер, но вака персонифициран повеќе наликува на женски лик. А, ти како сакаш замисли го овој ветер, зошто ќе предизвика бура во секоја смисла. Предизвикува и бранови, предизвикува и поплава. Предизвикува бродолом. На овој или оној начин. Страдањето на големиот ветер не е ништо ново. Само што овој ветер решил да се приближи, да ве допре милувајќи ви ја

кожата и потоа тивко и неосетно да си замине, оставајќи траги, траги што ќе ги паметите вечно. Да беше само похрабар од тоа колку изгледаше таков, немаше да страда. Но, што знаеме ние за страдање. Но, овој ветер решил дека страдањето негово било дел од неговиот живот, но и избор кој можел да биде променет. И сега ќе се обидува да го промени тоа со неговите патувања во секој еден дел од приказната составена во негово име. А, вака почнува првиот дел од неговата приказна.



## Средба со градинарот

Не доаѓаше ниту од Нептун, ниту од Сатурн. Доаѓаше од досега непозната планета за човештвото. Реши да ја посети Земјата и да се запознае со нејзините жители. Не знаеше што го очекува на тоа за него непознато место, и беше страшно љубопитен за конечно да се запознае со некого. Налета на еден градинар. Си помисли дека среќата најпосле му се насмевна. Застана до градината и почна да ги разгледува растенијата кои градинарот внимателно ги полеваше со вода. „Убави цвеќиња", му рече додека покажуваше со раката кон леата со шарени орхидеи.

Градинарот претходно не го забележа, па се сепна кога му го слушна гласот, зошто беше задлабочен во активноста која секогаш со уживање ја изведуваше. „Убави се да,

знаеш дека во нив имам вложено многу труд, време и внимание? За да бидат вака убави мора внимателно да се огледуваат‟, му рече градинарот. Ветерот затоа што беше од друга планета воопшто не знаеше како тука функционираат работите, а уште помалку знаеше дека и од неговиот вид останатите ветрови кои се настанати на Земјата допринесуваат за настанокот на цвеќињата за време на опрашувањето.

„А, што доколку не би се одгледувале?‟, праша Ветерот видно заинтересиран за работата на градинарот и за тоа што тој го прави.

„Од таму од каде што доаѓаш, зарем нема цвеќиња? Инаку да, доколку не би се одгледувале, би биле осудени на пропаст и нема да пораснат овие тука, а додека оние природно кои растат се оставени во рацете на самата мајка природа.‟ Ветерот тргна да

му одговори на прашањето, но беше изненаден од големата разлика помеѓу двете планети и наместо да му каже дека сега првпат се запознава со сè што ќе види на Земјата, почна да прашува уште како што прават малите деца кога ќе ги заинтересира некоја појава:

„Дали цвеќињата знаат да ти кажат дека се жедни и дека им треба вода? Како знаеш кога е време да ги засадиш, а кога да ги обереш? Како знаеш кој вид се и како да ги разликуваш? Како знаеш на кое цвеќе повеќе му одговара поголема светлина, а на кое помала?"

Градинарот остана смирен и после толку прашања зошто не му беше чудно некој да се интересира за сето ова. Знаеше дека не можат сите да знаат подеднакво околу градинарството и некои луѓе помалку се интересираат од други. Но, овој Ветер не му

беше познат, затоа и му даде само краток одговор:

„Тоа е долга приказна Ветеру, зад сите твои прашања стои наука која го проучува сето тоа. Се вика ботаника. И само ова е тоа што можам да ти го кажам‟, му рече градинарот.

„Очигледно дека тука било далеку покомплицирано отколку што си мислев, но тоа го прави престојот тука многу возбудлив.‟, со висок, но смирен тон, Ветерот му се обрати и му даде знак дека ќе си оди.

Градинарот не сфати што точно мислеше Ветерот со ова, остана зачуден и изненаден од необичната посета.



## Времето и прашањата на Ветерот

Времето не постоеше во неговата планета. За него сета таа временска димензија беше нешто непознато, невидено и нејасно. Што е тоа време? Зошто сите зборуваа за часови, минути, секунди? Зошто сите викаа: „ајде побрзај немаме време“ или „ајде доаѓај, време е да тргнеме“? Му беше чудно како сите тие човечки суштества се потпираат на нешто што не го гледаат, и нешто што реално не постои, туку имаат можност да го прочитаат од некоја направа, за него непозната, наречена часовник. Никакви часовници и мерења на времето не му беа познати и му стана интересно да посматра од страна како луѓето реагираат во одредени временски периоди.

Ова што го откри беше новост која страшно го заинтересира и сакал или не, мораше да се прилагоди на новата средина. Не ни

помислуваше дека ова патување на Земјата ќе биде толку возбудливо и полно со откритија. Одлучи да направи мал експеримент околу тоа прашање.

Седна на една клупа и реши дека секој трет минувач ќе го прашува колку е часот правејќи се дека нема каде да провери (а и навистина не можеше да провери зошто немаше никаква направа која покажува точно време).

Едно момче кое немаше повеќе дваесет години имаше нешто ставено на уши, не погледнуваше ни лево, ни десно, а кога Ветерот му се обрати, не го ни забележа, зошто всушност не можеше да го чуе од слушалките од кои трештеше гласна музика, меѓутоа Ветерот тоа не го знаеше и не му беше јасно зошто момчето се направи дека не го слушна.

„Овие луѓе навистина се чудни, си помисли.‟ Реши да си ја проба среќата после неколку минути. Сега поминуваше еден господин со рацете во џеб, и се чинеше дека има доста време на располагање затоа што се движеше во нормален ритам.

Тогаш, Ветерот му се обрати: „Извинете, ќе може да ми кажете колку е часот?‟ Човекот го погледна бледо и со неочекуван непријателски тон му рече: „Зар навистина мислиш дека имам време да разговарам со бездомници? Моето време е скапоцено стари, подобро најди прашај некој друг!‟ Ветерот знаеше дека луѓето на оваа планета беа зафатени, ама дека можат да си го купат времето и дека тоа им го диктира целиот ден, па и животот глобално, не знаеше.

Реши да се обиде и по третпат.

Овој пат покрај клупата поминуваше една средовечна жена која делуваше заинтересирано за тоа што се случува околу неа, а не како останатите кои беа во некој свој свет, загрижени и преокупирани со своите мисли.
„Извинете, ве замолувам, ќе може да ми кажете колку е часот?", ја праша. Тогаш жената која уште порано го забележа Ветерот како седи на клупата како да очекува некого, му се обрати со нежен тон: „Сега е точно време да станете од клупата и да појдете да прегрнете некој кој многу ви значи, можеби нема да имате многу прилики, искористете ја секоја шанса!" Ветерот повторно по којзнае кој пат беше изненаден, но сега многу пријатно, зошто не очекуваше ваков одговор.
Додека таа се оддалечуваше од паркот, си помисли на сите негови браќа и сестри кои

се наоѓаа на друга планета. „Ех, само да знаеш колку сум тука осамен. Ова треба да им го речеш на сите луѓе на Земјата околу тебе, зошто јас тука немам никого, а вие кои имате, се однесувате како да имате уште три живота пред себе‟, сакаше ова да ѝ го рече за да може да го слушне, но само тивко го изусти на глас и никој не го чу.



## Љубопитниот Ветер и неговите размислувања

Ветерот уште се навикнуваше на животот на Земјата, и не можеше да престане да се изненадува одново и одново. Тука не предизвикуваше невремиња, неговата сила и јачина беа многу намалени зошто имаше човечки облик, а кога ќе дојде време за напуштање на оваа планета, ќе се врати во првобитната и нормална форма.

Сега неговиот поход беше веќе почнат, а тој никогаш не бил поубеден дека неговата мисија ќе биде исполнета, иако уште не му беше позната во целост. Од неговата планета од каде што беше испратен, му рекоа дека треба сам да ја открие целта, дури и ако за тоа ќе му биде потребно повеќе време.

Сакаше да се запознае со сите земски нешта, со сите различни човечки суштества

кои беа толку спротивни, а сепак толку исти и слични едни на други. Се заинтересира за времето и после експериментот сфати дека тука на Земјата особено во тој дел каде што беше стигнат, повеќе се сконцентрирани на себеси, егоистични и зафатени со своите мисли кои изгледа и ги измачуваа, зошто ретко можеше да сретне и да види некој насмеан човек. А, тие што се смееја и се обидуваа да ја задржат насмевката на лицето беа гледани како чудни и како дека „изгледа нешто им фали", зошто драги мои, да бидеш среќен и да носиш насмев на лице денес да ти било најчудната работа на светот! Многу почудно е тоа што се чинеше дека разбирањето помеѓу луѓето како да исчезнало, нетрпеливоста како да нараснала, и непријателството како да си ги распослало куферите и никако не сака да си замине. **„Што чудна ќе беше оваа**

**планета“**, рече Ветерот. „И луѓето се чудни и ладни, и сè е некако сиво и студено, баш како зимата што доаѓа“. Се прашуваше каде е грешката, што толку се случувало за да дојде до ова, а одговорите мораше да ги дознава трпеливо, чекор по чекор. Реши дека ќе прави бебешки чекори додека да дојде до одговорот, и ќе го почитува тој договор. Првиот чекор го направи, се соочи со неколкумина, и тоа не му донесе ништо добро. Си рече дека ако тој не може да доживее убави работи тука на овој дел од Земјата, барем ќе се потруди да внесе минимална позитивна разлика во животите на оние со коишто ќе стапи во контакт. Долг и напорен процес кој ќе го направи неговиот поход можеби и неподнослив, но вреден за да биде раскажуван.

Ветерот се најде во близина на една стара куќа околу која си играа неколку дечиња

кои растрчуваа наоколу, и не беа свесни дека некој отстрана ги набљудува. **„Колку се само среќни кога уште не знаат што ги очекува“,** си помисли. Не му беше потребно многу време за да ја сфати природата на луѓето, зошто и тој самиот беше сега претворен во еден од нив. Никогаш не ни помислуваше дека нему ќе му се падне таа улога, но тој ја имаше таа среќа или несреќа да живее одреден период како човек.

Се прашуваше зошто луѓето заборавaат за момент да запрат и да бидат безгрижни како кога биле деца, но требаше да осети на своја кожа каков е светот на возрасните - суров и полн со грижи. Можеби тогаш ќе сфати зошто на оваа планета само децата се оние кои се радуваат искрено и не ги загрижува ништо.

## Само едно прашање добива вистински одговор

Денешната мисија му се состоеше од набљудување на луѓето и нивните реакции кога ќе им се обрати за да ги праша како да стигне до одредена дестинација.
Не беше сигурен што би можел да очекува, но се надеваше дека нема да се повтори истото искуство кога прашуваше за точно време.
Покрај него поминуваа две млади момчиња кои гласно си разговараа меѓусебно. Реши да ја види нивната реакција откако им го постави следново прашање: „Како да појдам до местото за разделби, испраќања и пречекувања?‟, и се соочи со нивниот прашален поглед и зачуденост чиниш им зборува на туѓ и непознат јазик. „Овој мора да се мрднал од умот‟, си прокоментираа и го одминаа без да сфатат дека Ветерот ги

прашува каде се наоѓа автобуската станица. На следните случајни минувачи им се обрати: „Извинете, како најблиску можам  да стигнам до првото место каде можам да најдам милиони напишани зборови на едно место?‟ И овие се погледнаа чудно мислејќи дека Ветерот се шегува со нив и повторно го одминаа, без да го сфатат сериозно дека всушност мисли на првата најблиска библиотека. „Навистина тешко им било да мислат на овдешните луѓе, или пак кога е во прашање странец воопшто не се ни трудат да ги активираат мозочните клетки‟, си помисли Ветерот.

Знаеше дека со овој принцип на прашување никогаш нема да го добие одговорот што го бара, освен понекој чуден поглед и неоснован коментар. „Ајде, да не го губам повеќе времето, ќе се обидам за последен

пат со следните кои ќе наидат", си рече. Во неговиот правец фатени за раце се движеа една мајка и нејзиното четири годишно дете, кога беа на пристојна оддалеченост, Ветерот им се обрати: „Извинете, сакам да ве прашам, каде се наоѓа местото каде што престојуваат најбезгрижните и најискрените, ми рекоа дека се наоѓало во близина".

Мајката малку се збуни, и му рече: „Не ве разбирам точно, што сакате да прашате?" И тогаш детето само додаде: „Мамо, па чичкото прашува за мојата градинка!". **„Точно така, најблиската градинка ја барав, ви благодарам многу за помошта!",** рече Ветерот со насмевка на лицето конечно задоволен што некој го разбра неговото прашање.

## Спасување на живот

„Животот на земјата не бил ни најмалку лесен", Ветерот заклучи по не знам кој пат. Не очекуваше да биде поинаку, зошто сигурно знаеше дека сѐ ќе биде поразлично, и беше спремен да ги прифати сите предизвици пред кои ќе наиде. Уште не му беше јасно во целост која беше крајната цел на неговата „тајна" мисија, но му беше кажано дека самиот ќе мора да ја открие, но не знаеше кога ќе биде тоа. Беше подготвен да чека. Не му се брзаше никаде и неговото време на Земјата иако беше ограничено, тој не гледаше така на тоа. Беше решен квалитетно да го искористи секој миг кој му беше на располагање запознавајќи се подробно со секое човечко однесување, изглед, и начин на живот кој само оваа планета го нудеше. Ветерот со човечки изглед на стар човек,

без животното искуство на негов врсник од Земјата, без детални инструкции и насоки, освен со претходна обука, но сепак со огромна желба да го искуси овдешниот живот пред да го промени обликот кога ќе дојде времето, и ќе отпатува во својата добро позната планета, кај своите браќа и сестри, каде што се чувствуваше најисполнет.

Не знаеше многу за чувствата, ниту за законите кои постоеја тука, но кога почна да ги доживува, почна да сфаќа што значи да се чувствуваш осамен, а тоа го откриваше на интересен начин. На пример, додека седеше и се погледнуваше на еден убаво уреден излог од една продавница во центарот на градот и си го гледаше својот нов изглед во човечка форма, си замислуваше дали вака ќе може да го препознаат неговите браќа и сестри

Ветрови кои останаа некаде далеку. И тогаш почна да се прашува што прават во моментот, дали и тие помислуваат на него, дали набрзо ќе ги види, дали можеби и тие некогаш ќе ја добијат оваа шанса како него да се претворат во човек, и сфати дека ова е некое чувство кое дотогаш никогаш го немал почувствувано, а набрзо потоа дозна дека имало и име и се викало: чувство на осаменост проследено со празнина, односно чувство на недостасување. Како што минуваа деновите, секој ден учеше по нешто ново, кое многу му помагаше во овдешниот живот. На пример, научи дека луѓето одат на работа, децата на училиште, откако ќе завршат училиште можат да се запишат и на студии, дека луѓето се пензионираат, и сѐ што се случува између.

Знаеше дека со изгледот на напуштен старец речиси како скитник ги одбиваше

луѓето, но тоа беше и дел од планот на тие кои експериментираа со ова негово патување... Сепак, имаше кај да преспие, а тоа значеше често менување на преноќувањето, а за што станува збор, ќе ви откријам подоцна.

Сега, да се сконцентрираме на мигот кога Ветерот откри како може еден човек да биде толку суров, во уште посуров свет. Просто, да не можеш да процениш дали светот е суров поради луѓето кои се такви или тие станале такви поради неговата суровост. Тоа што тој го виде тоа попладне ќе го памети додека постои, а тоа ќе биде долг период, иако нема да може сосема да им го објасни на другите ветрови. Кога седеше на клупата и јадеше ѓеврек купен од најблискиот уличен продавач и оддаваше слика токму на бездомник кој си го купил ѓеврекот со парите што ги добил

од питање, токму покрај неа поминуваа двајца господа од кои едниот беше на средна возраст, а другиот малку помлад од него. Во близина имаше едно дете – питач кое лежеше на земја со кутија за просење, беше извалкано и во парталава облека, на лицето имаше модрици кои настанале веројатно на улица од некое постаро дете или од човекот кој го тераше да пита, и тие се приближија до него. Тоа кога ги забележа, стана и почна да го трга помладиот човек за неговото скапо и модерно сако зошто сега веќе беше прегладнето, зошто немаше навика да се поместува од земјата кога питаше, а господинот во сакото навреден од тоа како тоа се осмелува да го допира, го оттурна толку силно што детето толку силно тресна од земја и многу лошо си ја дупна главата.

За трагедијата да биде уште поголема, не застанаа ни да видат што се случило. Господинот во сакото навреден од тоа што му пристапило дете – питач придружен од човекот во средни години за кој излезе дека бил негов работодавец, за да ја покаже моќта пред него излезе бездушник исто толку колку што беше засрамен пред неговиот работодавец. И за ситуацијата да е уште потрагична, човекот во средни години не покажа никакви емоции, ниту го прекори неговиот работник, се однесуваше како тоа што се случи да е сосема најнормална работа која се случува попладне кога градот е речиси во најголемата раздвиженост. Си го одминаа детето без да погледнат назад, и си го продолжија чекорењето како ништо да не се случило. Тогаш Ветерот, кој иако не беше по природа човек, како кај него да се

разбуди човечноста која изгледа беше многу поголема кај него отколку кај тие двајца господа, стана и побрза да го провери детето – питач. Кога виде дека главата му е дупната и дека му тече крв од местото каде што беше повредено, си помисли колку би му било потребно да има еден телефон со кој би го свртел бројот на брзата помош. Бидејќи немаше, потрча во најблиската продавница и им кажа на продавачките да викнат брза помош за да му укажат помош на повредено дете, без да спомне дека се работи за бездомник. Потоа се врати кај него, го поткрена, и го соблече елекот што му беше ставен одозгора над блузата и се обиде да го стопира крвавењето колку што може повеќе додека да дојде помошта. Случајни минувачи кои минуваа во близина подзастануваа да видат што се случува, стоеја неколку минути и

брзо го напуштаа местото откако ќе видеа дека станува збор за
„бездомници“.
Некои дури и коментираа „кога не знаат каде им е местото, кога се многу упорни и напорни, си го добиваат заслуженото“. Од оваа изјава на Ветерот му се слоши, многу повеќе отколку што им се слошуваше на некои кога ќе видеа локва крв. Во истиот ден Ветерот ги препозна кај себе чувствата гадење, сожалување, човечност, изненадување, грижа и лутина.
„Ова беше добра лекција за денешниов ден“, си рече во себе кога го виде момчето во болничката соба со преврска на глава.

**Радоста на детето**

Му пристапи во собата и му објасни дека тој повикал помош и го донел тука каде што е. Детето беше многу изненадено што некој воопшто се грижи за него, зошто откако татко му и мајка му починаа од бронхитис претходната зима, едниот од браќата го згази кола, а другиот се удави во река, тоа ретко кога имаше близок контакт со човек кој се обидува да разговара со него, освен кога бараше пари и храна. Единствено просењето го поврзуваше со луѓето, но тоа ситно, слабо и кревко, се губеше во толпата сè додека некој добар човек од

ендемичниот вид не се нажалеше и не му купеше некој ладен сендвич или не му стуткаше неколку денари во раката од сожалување. Тоа му беше единствениот начин на преживување, зошто поинаку не знаеше и не можеше да преживее. Никој од

центрите не се обиде да го згрижи, и тоа беше осудено само на себе, со единствениот дом – улицата. Откако сфати дека доколку не бил Ветерот и никој не му помогнел, ќе останело да лежи на земјата додека не искрвави целосно, доколку пред тоа не му помогнел некој друг. И благодарно што благодарение на Ветерот тоа уште е живо, му рече: „За да те сметам за брат си многу стар, но отсега ти си ми семејство, сакал или не. Јас толку те засакав, како да си ми дедо, а не те знам воопшто. Имаш ли воопшто внуци?" Ветерот се разнежи и за првпат го почувствува и тоа чувство на посебен вид на нежност и грижа, малку поразличен од претходното кога се грижеше за неговото здравје. И му рече: „Немам внуци, но сметај дека ти веќе си ми". Тогаш детето направи смешна гримаса обидувајќи да се насмевне зошто му беше

отежнато од завојот, и со светкави очи му рече: „Јас ќе те пратам каде и да одиш, иако можеби и ти немаш дом како мене, ќе бидеме заедно секаде, и заедно ќе ја дочекаме ладната зима. Договорено?"
Ветерот запрепастен од одлуката на детето, искажана во вид на барање и договор кој како однапред да беше донесен без негова дозвола, размисли за кратко и со нежна насмевка му се обрати: „Можеш да ми бидеш придружник. Ќе те носам секаде со мене, но да знаеш дека еден ден јас ќе морам да заминам далеку и нема никогаш да се вратам тука назад. Ќе ти кажам подоцна каде ќе одиме откако ќе те отпуштат од овде. Мораш вечерва да преноќиш, а утре си одиме одовде двајцата".
Детето блескаше од радост која можеше да му се прочита во црните очи, и на ова му

одговори: „Вети дека нема и ти да ме напуштиш толку брзо. Не сакам да те изгубам како што ги изгубив родителите и браќата.“

Ветерот му вети, и му рече да се одмара додека тој ќе биде надвор и ќе појде да се напие вода, но му порача да не се грижи зошто цела ноќ ќе биде покрај него. Детето спокојно ги затвори очите и потона во длабок сон.

## Животен пресврт

Штом ги отвори очите детето погледна низ прозорецот зошто креветот на кој лежеше беше свртен токму во таа насока и виде дека во дворот веќе почнале лисјата да паѓаат и да ги позлатуваат зелените килими. Се прашуваше колку време поминало откако заспа, и дали Ветерот сѐ уште го чека како што му вети. Тогаш во собата влезе една сестра ѝ му рече дека денес ќе го пуштат, но дека главниот доктор треба уште еднаш да го прегледа. Му рече дека ќе му донесат појадок за неколку минути. Тоа беше сместено заедно со уште едно дете, но многу помало од него кое постојано беше во придружба на мајка му и затоа не можеше да комуницира нешто многу со нив, но жената малку го потпраша и после тоа го праша зошто не доаѓа никој

да го посети. Детето рече дека неговите родители се починати, но дека неговиот дедо набрзо треба да дојде и дека го очекува.

И во истиот момент кога му го донесоа појадокот на вратата се појави Ветерот кој носеше со себе чиста облека за него, но и тој беше облечен скромно, но убаво и пријатно за очи, изгледа повеќе не личеше на бездомник.

Кога го виде Детето кое уште немаше име, односно имаше, ама си го немаше запаметено и затоа ќе го викаме Детето, тогаш на лицето му се нацрта огромна насмевка. „Ви реков дека ќе дојде!", горделиво викна. Ветерот го прегрна и му ги подаде чистите парчиња облека и за да не го чујат другите тивко му шепна дека кога ќе ја напуштат болницата нема повеќе да живеат како бездомници, ниеден од нив.

Поради тоа што Детето беше убедено дека и стариот Ветер е бездомник како него поради искинатите алишта, го праша каде ги нашол чистите и убави алишта. Тогаш Ветерот му рече дека нема потреба да се распрашува толку и дека тоа не е важно, многу поважно било тоа што отсега па натаму ќе имаат покрив над глава и никогаш нема да бидат гладни.

Детето навикнато на уличен живот, се прашуваше од каде ли сега се случува сето тоа, дали можеби Ветерот ограбил некоја банка или ѝ ја украл чантата на некоја модерно облечена госпоѓа која не можела да трча по него и да се брани или нешто сосема друго, сакаше да верува дека е нешто сосема друго. Сите овие прашања го измачуваа цели три минути додека го јадеше појадокот, а потоа продолжи да јаде лакомо без многу размислување, зошто ова

беше за него вистинска гозба, толкаво количество на храна никогаш не јадел одеднаш, можел само од излозите да ги посматра луѓето кои ручаа или вечераа во скапите, па и помалку елитни ресторани, а тоа можеше само да им завидува што не е на нивно место и да си подголтнува од плунката и да го слуша кркорењето на сопствениот желудник кој се бунеше барајќи храна. И некако го минуваше денот со два-три суви ѓеврека и понекогаш ладен четврт бурек кој го купуваше ако имаше подобра заработка додека питаше. Со останатите пари што ќе ги заработеше купуваше вода или сок, и други неопходни работи кои му требаа, а можеше да ги дозволи со минимална сума на пари. Ова Дете сираче – питач, бездомник, беше поинакво од сите други деца бездомници и

од сите други со кои Ветерот бил во контакт на Земјата.

За време на неговиот краток престој, виде деца – питачи кои се тепаа меѓусебно, кои ги задеваа луѓето кои поминуваа покрај нив, кои плукаа каде што ќе стигнат, кои викаа и трчаа околу фонтаната, а некогаш и влегуваа внатре за да се искапат ако беше лето, но ова беше поразлично од сите нив.

Ветерот и пред да му помогне го имаше забележано затоа што се движеа на слични локации, му ја запомни фацата затоа што секогаш беше само, и секогаш на истото место стоеше на земја со картонот во кој ги збираше паричките.

Еден ден додека седеше на истата клупа, на која седеше и кога се случи инцидентот претходниот ден, го забележа Детето и кај него се појави некое чудно чувство кое не

можеше да си го објасни никако. И потоа му текна дека се идентификува со него, го гледаше постојано само, а и тој беше речиси секогаш сам, па му се појави и чувството на емпатија за кое тој немаше претстава дека така се нарекува. И после некое време, се најде на истото место во истото време кога младичот не се однесуваше најсоодветно кон Детето и го спаси, му пружи рака кога му беше најпотребна и на некој начин му го спаси животот. А, тоа секогаш ќе му биде благодарно затоа што одма се поврза со него и си го прогласи за сопствен дедо кој никогаш ниту го имал ниту го запознал секако зошто го немал нели, и дури во истиот момент кога стана свесно за целиот настан одлучи дека посакува да го следи Ветерот секаде каде што ќе оди тој.

## Нов живот

Штом ги направија првите чекори надвор од болницата, Детето не знаеше кон каде се упатени тој и Ветерот. Можеше само да му верува иако имаше потполно право да се плаши да има доверба во луѓето зошто никогаш во целиот негов живот не се потпирало на никого, не зависело од никого, улицата како негов дом уште од раѓање го научила дека животот е суров, но не кон сите подеднакво, а со самото тоа го направила претпазлив и исто толку ранлив, зошто сепак тоа беше само едно дете кое беше осудено на живот каков што никој не заслужуваше да живее...

Кој би рекол дека ќе има средба со Ветерот на кому престојот на Земјата му беше ограничен? Дали Ветерот ќе успее да ја

оствари својата целосна мисија која уште не му беше позната и дали оваа средба со Детето беше дел од исполнувањето на таа мисија?

„Каде ќе одиме?", возбудено праша Детето затоа што сега имаше и придружник и повеќе нема да биде само како претходно.

„Некаде каде ќе можеш да се искапеш и да ти ја скратат косата", смирено му рече Ветерот.

„Какво е тоа место?", упорно прашуваше Детето сакајќи да дознае колку што е можно побрзо.

„Прво ќе појдеме во фризерски салон, а потоа во нашиот нов дом!", одговори Ветерот.

„Мислев дека немаш дом и дека живееш на улица како мене!" со широко отворени очи рече Детето насочувајќи го погледот пред него како да бара нешто.

„Некогаш работите не се такви какви што ни изгледаат мило дете‟, со весел тон одговори Ветерот.

Откако се средија во салонот, чисти и со празни желудници се упатија на местото кое Ветерот го нарече нивен „нов дом‟. Детето уште не знаеше каде одат, но беше трпеливо иако стомакот му свиреше симфонија која означуваше глад. Најпосле, кога се приближија до куќата која беше мала, но доволна за нив двајца, Детето радосно извика: „Колку е убава, немам видено поубава!‟ Кога нешто никогаш си немал, тоа што ќе го добиеш какво и да е, за тебе е од непроценлива вредност и е прекрасно. „Ајде да влеземе‟, рече Ветерот.

## Грижливиот Ветер

Кога зачекори во новиот дом Детето кое претходно немаше почувствувано таква топлина го совладаа емоциите и не знаеше на каков начин да ја изрази радоста. Му се фрли во прегратка на Ветерот кој пак не беше навикнат на прегрнување, а Детето го прегрна два пати во два дена. „Можеби и овде не било така лошо, почнува да ми се допаѓа иако не знам што ме очекува", си помисли додека го стегаше кревкото детско тело во прегратка. Ветерот требаше да ја доживее човечката потреба за социјализација и мораше да сфати дека е многу полесно кога има друштво макар било тоа и во вид на мало човече со неполни шест години. Се прашуваше зошто негов придружник мораше да биде дете сираче кое не знаеше ништо повеќе од

улица и уличен живот. Животот имаше одговори кои некогаш стигнуваат покасно отколку што очекуваме. Одговорите ќе стигнат, но како ќе му објасни на ова кревко суштество дека ќе мора да се разделат? Всушност, тоа не значеше дека тоа немаше да разбере дека луѓето не живеат вечно, но како ќе го сфати тоа дека Ветерот живее на друга планета и дека нема уште долго да има човечки облик? Тоа навистина беше тешко за објаснување зошто и тој не знаеше точно сѐ околу процесот, но ќе му го објасни како патување, зошто всушност тоа и беше. Едно долго патување кое го претвораше во човек додека да пристигне на Земјата, и потоа го очекуваше подеднакво долго патување кое ќе го вратеше назад во неговата планета во првобитниот облик и никогаш повеќе немаше да се сеќава на тоа патување. Но,

со Детето тоа немаше да биде така. Тоа цел живот ќе го памети дедото кој му подаде рака кога му беше најпотребна спасувајќи му го животот и овозможувајќи му пристоен живот.

„Ајде да ја подготвиме вечерата, мислам дека е време да ги наполниме стомаците со вкусна и топла храна", рече Ветерот. Тој не беше потполно сигурен дека знае како да ја приготви храната, но имаше прирачник со рецепти и начин на подготовка и се снајде.

Во текот на патувањето имаше краток курс каде научи да чита и да пишува зошто тоа беше предуслов за претворањето во човечки облик и добивањето на титулата „човек". На Ветерот оваа „титула" многу повеќе му прилегаше отколку на некои луѓе кои беа родени како такви, но не заслужуваа да се наречат така. Откако

вечераа во скромната куќа со две соби, Ветерот му посака добра ноќ на Детето и нежно го покри со ќебето. Никогаш претходно не го правел тоа. Убаво било чувството кога можеш да се грижиш за некого, посебно поради тоа што знаеш дека со тоа правиш промени во нечиј живот и со самото тоа се чувствуваш корисно. Ќе се навикне на овој живот, па нема да сака да се врати назад. Тешко дека можеше нешто да го задржи толку силно за да посака да не се врати никогаш на неговата планета.

## Историско патување и претворање од ветер во човек

Дали ќе посака никогаш да не се врати таму од каде што дојде? И дали ќе постои нешто што би можело да го задржи тука засекогаш? Дали ќе може да ги прекрши сите правила и да остане во човечка форма засекогаш? Дали ќе вреди тоа на таа возраст? Беше речиси на околу шеесетина човечки години, и доволно стар за да преживува многу, доволно стар за да живее целосен живот преправајќи се човек кој отсекогаш бил роден како таков. Во правилата стоеше дека Ветерот што ќе се испрати како човек, не смее да биде помлад од 55 години. Тоа правило мораше да се почитува и не смееше да биде поинаку. Зошто доколку испраќаа многу помлад Ветер работите можеа да тргнат наопаку и

целиот експеримент да пропадне и понатака да настанат непредвидени и непланирани компликации. Процесот беше долг, а патувањето уште подолго. Ветерот ни самиот не знаеше точно колку години патуваше, а годините беа изедначени со траење колку на земјата. Испадна дека патувал цели три човечки години, а за тоа време се „преобразувал" со помош на тим од стручњаци кои работеле напорно на нивната мисија и досега невиден и никогаш ненаправен експеримент на Земјата. Се служеле со голем број на помагала кои биле специјално изработувани за потребите на самиот настан, но никој не ја знаеше тајната. Тоа беа специјално обучени научници кои долги години од животите ги имаа посветено на тој вид на наука кој на многумина не им беше познат. Допрва ќе слушаат за преобразбата на еден силен и

јак Ветер во облик на човек кој научува да зборува, да оди и да чувствува. Да чувствува и доживува многу подлабоко од еден просечен човек кој е роден како таков... А, дали тоа беше предност за него или само една тешкотија која му го отежнуваше патувањето, сепак изгледа одлуката остануваше на времето. Времето кое некогаш не го разбираше, кое научниците мораше да му го објаснат на нив добро познат начин, кое беше дел од неговите први средби со луѓето кои му донесоа непријатности, но и многу поголемо разбирање за нив. Најважно е што Ветерот мораше да се согласи на целиот процес и доброволно да соработува, зошто во спротивно сите чекори ќе се косеа со правилата кои беа јасно зададени и одредени во нацртот на овој досега невиден експеримент, од огромни размери, со

непознати исходи, без многу предвидување и контролирање на „сценарија“ зошто сепак беше спроведуван во природни околности...

Судејќи според почетокот можеме само да претпоставуваме каков ќе биде завршетокот на ова патување. Уште поважно од тоа што беше најважно беше тоа што ова патување на овој Ветер во човечки облик ќе биде историско. Несекојдневно и нешто необично, нешто што не се случува секоја година и нема да се случи во наредните десет додека истиот тим од научници проширен со засилување од помлади ентузијасти не одлучи да спроведе втор кога ќе се создадат комплетни услови како за првиот.

## Добрите дела се паметат вечно

После вкусната вечера со полни стомаци двајцата потонаа во длабок сон. Детето првпат спиеше во толку мека и топла постела, со покрив над глава и заштитен од секаква опасност која можеше да му се закани...Никогаш не спиел ниту послатко, ниту подолго. Ова му беше полнење на батериите до максимум и надополнување на сите половично проспиени зимски ноќи кога се виткаше од студ и тешко склопуваше очи зошто прстите на рацете и нозете му се вкочануваа и тоа му го отежнуваше заспивањето. Детето дефинитивно вака немаше спиено уште откако ја напушти матката. Само таму имаше сон сличен на овој кој го доживеа изминатава ноќ покрај човекот – Ветер кој

му го спаси животот и целосно го промени засекогаш.

Ветерот се разбуди пред него зошто секогаш му беше потребен само неколкучасовен сон еквивалентно на сонот кој им требаше на старите луѓе на Земјата кои беа навикнати да спијат малку чиниш така ќе го искористат поголемиот дел од времето кој им беше преостанат. Тоа беше сон од некои пет до шест часа и тие беа спремни да го започнат денот, како да не сакаа да губат ни драгоцена секунда од времето што им преостануваше. Имаше нешто ранливо и кревко кај овие стари луѓе, не зборувам за оние кои се разболуваа и се врзуваа за постела заборавајќи на себеси и на сите околу нив. Зборувам за оние витални баби и дедовци кои имаа среќа што здравиот мозок иако намелен уште не ги имаше целосно

напуштено, па уште во бели мугри трчаа да си го подготват и испијат чајот и да појдат во најблиската продавница за никој да не им го зеде пред нив најтоплиот и најголемиот леб. За нив храната можеби го немаше истиот вкус како и претходно, но продолжуваа да ѝ се радуваат. Бабите кои ги држеше здравиот, ведар и работлив дух уживаа во подготовките на храната со истата жар како кога им готвеа на родителите на нивните внуци кога беа на нивна возраст. Имаа потреба да ги хранат сите кои им беа драги, па немој случајно некој да им појде на гости, а да остане гладен и да не проба од колачињата со цимет и шеќер во прав! Има да настане војна и да ти се налутат многу ако одбиеш барем да пробаш од тоа што е припремено. А, ако пробаш, не смееш да ја оставиш чинијата недовршена зошто не чини и мора

да се заврши тоа што е внатре, зошто е грев да се фрла!

Прелистувајќи во книгата со огромниот број на рецепти внатре во неа пронајде едно ливче на кое пишуваше: *„Насока број 3. Додека сте во оваа куќа секое утро кога ќе се разбудиш проверувај во поштенското сандаче од кое ќе подигнеш писмо во кое се ставени потребната сума на пари за тековниот ден наменети за прехрана и за набавка на основните средства за хигиена. Никој нека не знае за ова. Ќе најдеш начин да објасниш како ги заработуваш. Ако воопшто треба некому да објасниш. Мора самиот да го смислиш начинот.*"

На ливчето немаше ништо друго. Ни испраќач, ни адреса на испраќачот, ниту дали ќе треба да очекува некоја друга на некое друго место. Во претходните „насоки" во вид на кратки ливчиња му стигнуваа

податоци каде ќе може да ги најде парите зошто не беше постојано сместен во сегашната куќа, а во една од насоките му беше кажано дека ќе мора да направи нешто со кое ќе му го промени животот на некому, но не беше подетално објаснето ништо.

Сите претходни и следни настани се случија природно, налетувањето на случката со Детето, неговото спасување, и сите средби со другите луѓе беа дело на самиот Ветер кој мораше да постапува според правилата, но по сопствена волја. Мораше самиот да изнаоѓа начини да им приоѓа на луѓето и да се запознава со нив, дури и по цена да биде исмеан, понижен, избегнуван, или посрамотен.

Знаеше дека тоа е едната од цените која мораше да ја плати за време на неговиот

престој на Земјата во овие негови патувања.
Во овој дел од Земјата беше само првиот дел од неговото патување, па наскоро кога ќе му пристигне следната „насока", ќе мораше да се збогува со Детето, и да замине на вториот дел од неговото патување, кое исто така ќе биде непредвидливо и тешко, додека да се врати на својата планета во својот првобитен облик.

Излезе надвор да побара во поштенското сандаче и навистина пронајде еден бел плик. Го зеде и влезе внатре. Кога го отвори виде дека во него внатре имаше пари и ништо друго. Не беше познат испраќачот како што пишуваше и на ливчето. Се сети дека можно е да е некој од тимот со кој работеше напорно претходните години, но изгледа дека во правилата било дека нема

да се открива нивниот идентитет, барем додека не дојде крајот на целиот експеримент.
Ги смести парите, направи план што треба да се купи со помош на книгата за рецепти, и почека да се разбуди Детето зошто не сакаше да го буди. Никогаш порано никого не будел од сон, а и сметаше дека не е фер да се буди дете кое толку слатко и невино си плови во сонот.

Му текна дека некаде прочита како се подготвува чај, за среќа, во кујната имаше доволно за да направи две шолји и ја стави водата да се зоврие. Кога ги полнеше шолјите на вратата од кујната се појави поспаната фаца на Детето кое уште не веруваше каде се наоѓа. Се прашуваше дали ова што му се случува е некоја игра, сон или нешто што не може да си го објасни и дека набрзо ќе заврши? Како можеше да

му се случи таква неочекувана радост и подадена помош кога додека беше на улицата не ни можеше да си го замисли тоа? Можеше само да посакува подобар живот, но дека ќе му се случи ваков пресврт немаше сонувано ни во најлудите соништа. А, подобар живот можеше да посакува, и баш кога си се помири со судбината и помисли дека ќе заврши трагично некоја следна „сибирска“ зима од која нема да може да побегне. Но, животот си пронајде начин да му го исполни и она што никогаш не го посакал, ниту сонувал. Му направи таква предност и му даде таква шанса, што ни неговите родители не можеа да му ја дадат, освен да му поклонат живот, кој беше беден. Да не се најдеше Ветерот на тоа место и во тоа време, можеби неговите стравувања ќе се исполнеа. Сега место за тие стравови повеќе немаше. Мислите му

беа преокупирани со новите случувања, со пресвртот, со последната случка откако беше нападнато, па одењето во болница и напуштање на истата, одењето на фризер и конечно вселување во најтоплата куќа во која бил, а и во единствената.
„Добро утро мило Дете‟, му рече Ветерот. „Ајде да ги испиеме чаевите и да појдеме до продавница за да можеме да го спремаме појадокот‟.

„А, каде најде пари за да можеме да пазариме?‟ го праша детето зачудено кое до вчера мислеше дека и Ветерот е бездомник како него. На Ветерот не му беше јасно зошто мораше да изгледа како бездомник кога секогаш во него имаше пари кои му стигнуваа навреме за да можеше да преживее, но сепак да живее сиромашно. Сега сфати дека морал да го помине тој дел зошто шансите да помогне

на некој бездомник така биле поголеми, иако можеби првичната замисла на експериментаторите научници не им била таа. Сепак ќе дознае, и кога ќе дознае, на патот за назад во својата планета, сè ќе заборави. Тој можеби ќе заборави, но неговиот поход никогаш нема да биде заборавен. Ако ништо друго,тој никогаш немаше да биде заборавен барем од едно човечко суштество - од Детето.

## Кога недостигаат оние кои ги нема

После појадокот Ветерот сакаше да одмори накратко, а Детето немаше идеја што би можело да прави, зошто не беше навикнато да има толку добар и топол појадок, ова време најчесто беше на улица и чекаше некој да му фрли некој денар. Кога виде дека Ветерот задремал на удобната фотелја, седна на креветот од спротивната страна, си ги истегна нозете и почна да размислува како возрасен.

Бездомниците кои животот го поминуваат на улица искусиле многу тмурни денови, и веројатно тоа ги тераше на размислување колку и да изгледа дека тие се неуки и дека не би можеле да разберат многу работи, тие можеа многу подлабоко да ги доживеат работите затоа што беа повредени, што од животот, што од нивните мисли кои верувајте им беа најверни придружници во

ладните ноќи кога рацете и нозете им измрзнуваа. Некои од прашањата кои си ги поставуваа беа зошто баш тие да бидат осудени на таков живот, зошто животот си поиграл со нив на таков начин, дали ќе можат да преживеат до пролетта, дали ќе имаат доволно пари за да купат леб за да се заситат, дали ќе успеат да се тргнат од улица и на некој начин да престанат да бидат бездомници, дали ќе се појави некој милосрден кој ќе биде доволно љубезен за да им помогне, дали можеби во текот на ноќта ќе се појави некоја опасност од која нема да можат да се спасат, дали во тивката ноќ некој воопшто помислува на ваквите луѓе или сите мирно си спијат без грижа на совест што некој нема покрив над глава и уште илјадници прашања кои не можеа да бидат прашани зошто немаше кого, а одговорот малкумина го знаеја. Секој ден

беше нов предизвик за нив, нов начин на преживување, нови шанси за да се надеваат дека конечно ќе се појави некој кој ќе им пружи рака...
И секој ден беше исполнет со поголемо или помало разочарување. Разочарувањето беше предизвикано како и од полупразниот стомак, така и однесувањето на крутите луѓе кои ем не им оставаа ни скршен денар во картоните ем ги бркаа од нивните места зошто сметале и го рушеле изгледот на градот.

Заземајќи удобна положба ги склопи очите како кога правеше во ноќите кога оддалеку ќе доаѓаше некој чуден звук кој не можеше да го препознае и преплашен се молеше да не биде некое чудовиште кое ќе го голтне или некој гладен волк кој се спуштил од планините и си го бара пленот. Почна да ги замислува татко му и мајка му потсетувајќи

се на нивниот изглед, на нивните скинати парчиња облека, на нивната нечиста и несредена коса, на начинот на кој го топлеа со телата додека тој спиеше за да не замрзне, на начинот на кој татко му велеше дека ако се бездомници не значи дека се без срце и чувства, начинот на кој му велеше дека немаат друг избор освен да питаат, и дека се мрази самиот себе што мораше сопствените деца да ги учи на тој „занает" и се проколнуваше што мораше така да живеат и што тоа беше нивниот единствен избор, но му ставаше до знаење дека како негов најмал син верува во него и дека знае дека ќе успее да стане човек и дека сите ќе ги извлече од бедниот живот. Детето иако беше многу мало и сосема не ги разбираше зборовите на својот татко, сепак му останаа во сеќавање, и ќе ги памети цел живот. Сликата на неговите

браќа исто така му беше во мислите, и така додека ги држеше очите затворени посакуваше за момент сите заедно да се најдат во истата соба, под ист покрив и да живеат нормален живот. Ова беше првпат откако ги изгуби толку многу да посакува да се покрај него и да бидат живи...Зошто иако толку мал, некогаш знаеше да си помисли дека тие со смртта се спасиле од мачниот живот и него го оставиле да се мачи сам на улица, но знаеше дека греши. Сега му стана јасно дека многу грешел кога така размислувал. Знаеше дека сè можеше да се реши и да се најде било каков излез од секоја безизлезна ситуација, но од смртта никој не побегнал. А, тој иако толку мал, некогаш посакуваше да ја запознае и да им се придружи на неговите. Се прекори кога му текна на ова. Како можел тоа да си го помисли, не би било фер сега животот да

го награди со топол дом, а тој некогаш посакувал да не живее. Тоа е и повеќе од фер! Животот знае да ги награди оние кои помислиле да се откажат од него во баш најнеочекувани моменти, никогаш не смее ова да се заборави!

Наградите следуваат после казните, а за наградата да биде послатка некогаш мора прво да се искуси казната...

Беше запознаено со казната скоро во секоја нејзина форма, зошто да не би било фер сега да ја искуси наградата кога ја заслужува? Секој заслужува покрив над глава, топол кревет и вкусен скромен појадок, верувајте. Само што сите ја немаат среќа тоа да го добијат лесно, а некои никогаш го немаат тоа и заминуваат од овој свет поболно и потешко отколку што пристигнале. Суровоста на животот никого не поштедува. Но, баш поради тоа ние

станувaме посилни од претходно. И се бориме со сите суровости, и победуваме, но и губиме...

Дали Детето ќе го добие тоа што го заслужува и ќе ја победи суровоста?

## Важниот разговор помеѓу Ветерот и Детето

Доста време помина откако се преселија во нивниот нов дом.
Доволно долго за да се зближат и барем кај детето да се развие чувство дека го знае Ветерот отсекогаш. Од друга страна пак, Ветерот беше задоволен што можеше да му помогне зошто го исполни главниот дел од мисијата. Доколку не му помогнеше нему, ќе требаше да чека некоја друга прилика за да може да му излезе во пресрет некому друг, а тоа можеше и да потрае.
***
Кога Ветерот се пробуди забележа дека е сосема сам во собата. Стана за да го бара Детето кое спокојно си седеше во кујната и ја разлистуваше книгата со рецепти радувајќи се на сликите со храна кои изгледаа премногу вкусно. Не знаеше да

чита, ниту да пишува иако следната година веќе требаше да тргна на училиште. За тоа Ветерот ќе најде начин да се погрижи, и затоа сакаше да разговараат.

„Дојди, имам нешто да ти покажам‟, му рече Ветерот упатувајќи го во другата соба. Претходно излезе да провери во сандачето, и покрај писмото со потребната сума пари за тековниот ден, пронајде уште едно ливче со следна „насока‟. На ливчето пишуваше *„Насока број 4. Оваа е последната која ќе ја добиеш за овој дел од твоето патување. Имаш точно уште 10 дена за да постапиш како што мислиш секако според правилата, ние не можеме да знаеме што точно се случувало додека не нѐ известиш, но мора да ги решиш сите проблеми доколку постојат.* Едно од правилата гласеше: „На човекот што ќе му помогнеш, мора да му се промени животот на некаков начин, а

доколку комисијата оцени дека навистина си одбрал вистинска личност, пред твоето заминување ќе постапи според начелата и сите права и предности кои ги стекнал човекот, нема да ги изгуби. Дури и ќе биде во уште поголема предност, зошто бил избран од Ветерот."

Друго од правилата викаше: „Никогаш не смееш да кажеш дека не си вистински човек, ниту дека си дел од некоја мисија или експеримент". Третото правило се повикуваше на следново: „Пред да појдеш на второто патување мора да смислиш начин да објасниш дека нема никогаш да се вратиш без да спомнуваш други планети". Понатаму на ливчето во насоката под број 4 пишуваше: *„Биди јасен и убедлив, но немој да ја доведеш личноста во конфузија. Би требало да се снајдеш, и после 10 дена во сандачето ќе ти стигне писмо со насока*

*каде треба да се упатиш за да го продолжиш патувањето. Искористи ги мудро преостанатите 10 дена.*" Кога влегоа во другата соба, Ветерот покажа со прстот кон една дрвена кутија. Кутијата му припаѓаше на претходниот сопственик на куќата, но после неговата смрт, таа остана тука. Во кутијата имаше спомени во вид на стари фотографии, некои клучеви за кои никој немаше идеја каде припаѓаат и стари писма кои Детето сега не можеше да ги прочита. „ Што има во неа?", праша Детето. Ветерот кој претходно ја беше отворил, му рече да ја отвори. Детето го послуша. Кога погледна што има внатре, праша за што служи сето тоа. Првпат во животот гледаше фотографии, а луѓето на нив му беа далечни и непознати, не знаеше каде можат да бидат употребени клучевите, а писмата не можеше да ги разбере. „Кои се овие

луѓе?“ праша зачудено и изненадено од предметите. Ветерот како со нетрпение да го очекуваше ова прашање, му се насмевна и со насолзени очи му одговори: „Мило дете, овие предмети поконкретно фотографии се сведоштво за постоењето на едно друго време, време во кое живееле овие луѓе на самите фотографии за кои се интересираш. Ни јас не знам кои се, најверојатно се поврзани со претходните сопственици на куќава, можеби и некој од нив, но тоа не е важно. Многу поважно е тоа што ти имаш можност да се запознаеш со фактот дека пред нас живееле многу луѓе кои повеќе ги нема, дека постоеле други периоди многу години пред да се родиме, и дека сето тоа можело да биде документирано и ние да имаме прилика да ѕирнеме во друго време макар и преку слика. Преку замрзнати изрази на лица кои

покажуваат среќа, а некои и тага како што гледаш на сликава. Можеш да забележиш дека сите лица на фотографијава не се насмевнати, а зошто е тоа така, можеме само да претпоставуваме. Додека кога писмата се во прашање, те советувам да ги зачуваш и кога ќе научиш да читаш да ги прочиташ сите. Можеби така подобро ќе се запознаеш со сопственичите. Јас не ги прочитав, зошто сметам дека немам право да навлегувам во туѓа приватност дури и после толку време. Но, ти ќе имаш потполно право затоа што најверојатно ќе станеш наследник на куќава. Така, ќе можеш да ѕирнеш во пишаните зборови на тие што претходно живееле овде токму во овие простории.
„А, што значи наследник?", прашално му се обрати Детето. Ветерот за миг заборави дека не разговара со возрасен, па не му

текна дека треба да му објасни со поедноставни зборови. „Тоа значи дека кога јас ќе заминам на пат, ти ќе останеш да живееш во куќава, и таа ќе биде на твое име, односно ќе биде твоја. Исто како да ти ја оставиле твоите родители.‟, му рече. „Навистина?‟, праша Детето. „Секако, меѓутоа ќе мораме да најдеме некој кој ќе сака да живее со тебе, зошто премногу си мал за да живееш сам‟, решително му рече Ветерот. „Но, зарем ти нема да се вратиш од твоето патување?‟, натажено праша Детето и додаде: „Земи ме и мене со тебе, па заедно ќе се вратиме!‟

„Нема да се вратам и нема да можам да те земам. Морам да одам сам. Уште десет дена и јас ќе треба да тргнам на мојот пат, не ме прашувај каде ќе одам зошто и јас не знам, но знам дека ќе ми биде добро. Мора да заминам затоа што сум многу потребен таму

каде што треба да појдам. Знам дека ти ќе се снајдеш и без мене, ти си паметно момче. Меѓутоа, никогаш немој да помислиш да ме бараш, зошто јас сум веќе стар и моето време е избројано, немој да си го трошиш времето барајќи ме. Вети ми дека ќе направиш како што ти велам.“, му рече Ветерот.

Детето се натажи и беше пред плачење, но мудро постапи: го фати Ветерот за рака и му рече: „Ти ветувам драг дедо. Нема да те барам, те разбирам дека мора да заминеш, но ти ветувам и уште нешто. Дека со секое дување на ветерот и нишањето на прозорците мене ќе ми текнува на тебе и ќе посакувам да си до мене за да не ми биде страв, со секое нишање на дрвјата и на секоја клупа на паркот на која ќе седнам јас ќе се сеќавам на тебе. Не го заборавај тоа.“

Ветерот се наежи од овие зборови, баш како што му прилега на човек кој е трогнат од емоциите и од настанот. Не можеше да најде соодветни зборови кои би требало да ги изговори. И најпосле рече: „Нема да заборавам. Ајде сега да ги искористиме следниве десет дена најдобро што знаеме.‟

## Последните денови на Ветерот на првото патување

Следните денови поминуваа многу брзо. Ветерот се обидуваше да го научи Детето да чита на различни начини кои му паѓаа на памет и со помош на кои тој учеше да чита претходно. Откако Ветерот му кажа дека добил во наследство пари кои ќе може да ги троши додека е жив, Тоа никогаш повеќе не го праша околу нив.

Напорно се обидуваше да ги научи буквите, бројките, деновите, месеците, и сѐ што му

беше потребно за да може да тргне на училиште.

За среќа, и Ветерот беше добро подучен барем во поглед на тоа дека и тој пред некое време почнуваше од нула, па техниките со кои другите го подучуваа него сега тој вешто ги користеше подучувајќи го Детето.

За една недела многу напредна и веќе можеше да составува кратки зборчиња, ги препознаваше буквите, читаше кратки реченици со мала помош и научи да брои до дваесет. Покажа навистина голем напредок, но и способност за толку краток период. Ветерот беше убеден дена Детето ќе ги заслужи сите предности опишани во правилата, и дека со право ќе си ја задржи куќата. Сега мораше уште да пронајдат човек кој би можел да живее со него, барем до неговото полнолетство.

До неговото тргнување останувaа уште три дена.

Се сети на градинарот. Му текна дека првата средба после пристигнувањето му беше со него. Тогаш виде дека човекот сам се грижи за цвеќињата, а во близина имаше нешто кое се нарекуваше куќарка, во која тој живееше, си претпоставуваше. Но, не успеа да разговара малку повеќе и не беше сигурен дали неговата претпоставка е целосно точна.

Го фати Детето за рака и појдоа до градината.

Кога го забележа градинарот повторно во слична поза како што го најде првиот пат, му пристапи со надеж дека ќе биде препознаен.

„Извинете што ви пречиме, ќе може ли да поразговараме?‟

Кога ги забележа градинарот заедно со Детето, виде дека се пријателски расположени и им пријде.

„Што ве донесе патот повторно кај мене?“, го праша градинарот.
„Сега гледам дека имате и придружба“, мудро заклучи.
„Сакав да ве прашам нешто, а од вашиот одговор на моето прашање ќе зависи дали ќе имам една молба во вид на барање до вас, кое можете да го прифатите или одбиете.“, му рече Ветерот со пријателски тон.
„Сега почнувате да ме интригирате, ќе го поставите прашањето?“, праша градинарот.
Ветерот му рече на Детето да појде да ги разгледа цветните леи во градината, и да го помириса најубавиот цвет. Тоа беше начин да го оттргне од местото на разговорот, за да не ги чуе. Тоа послуша.

„Дали оваа куќичка е местото на вашето живеење или живеете на друго место? Немојте да ми речете дека премногу се интересирам за вашиот приватен живот, зошто навистина одговорот е многу важен. И дополнително прашање: Дали имате семејство?"

Градинарот сега веќе беше збунет. Најмалку очекуваше вакво прашање, зошто ваквите прашања беа претерано ретки или воопшто не му ги поставуваа зошто никој не се интересираше за него до тој степен колку што го прашуваа за растенијата кои ги одгледуваше.

Не знаеше што да одговори. Не се плашеше за безбедноста зошто навистина тука живееше, а семејство немаше и за тоа немаше причини за грижа. Причините поради кои никогаш не основаше семејство му беа само нему добро познати, а тоа што

немаше никаква фамилија се должеше на фактот дека родното место го напушти одма после стекнувањето со полнолетство. И така после едноминутно колебање, му рече: „Тука сам живеам. Немам никој друг, освен моите цвеќиња и останатите растенија. Тие се моето единствено семејство.‟.

Ветерот како да го очекуваше овој одговор, побрза да му каже: „Кога веќе ми одговоривте искрено, мојата молба се состои во прашањето: „Дали вие би сакале да го промените вашето место на живеење односно да живеете во куќа на не многу голема оддалеченост од тука? Да не дојде до забуна, јас не ви ја продавам, туку ве прашувам затоа што ви нудам таа да биде ваш дом во следните десет години најмалку, под услов вие да се грижите за мојот внук, детето со кое дојдов тука.‟ „Ова

е многу чудно барање. Зошто јас да се грижам за туѓо дете? Зошто ми го нудите ова? Дали вие имате некои скриени намери кон мене? Дали можеби сакате да постигнете некоја друга цел? Дали се обидувате да направите нешто?‟, градинарот почна да ги реди прашањата како од пушка.

Тогаш Ветерот му рече: „Полека господине, сега ќе ви кажам што се обидувам да направам и која е мојата цел. Тука не дојдов случајно. Се имаме сретнато и претходно кога ве посетив, забележав дека сте сам. Кога размислував кој би можел да биде човекот кој би живеел со мојот внук не ми текнуваше никој на ум затоа што познавам малку луѓе тука, не ме прашувајте ни зошто ни како, тоа е долга приказна која не е важна во моментов. Поважно е да му обезбедам старател на внукот затоа што за

два дена заминувам на патување и можеби нема никогаш да се вратам, а не смеам да ризикувам да го оставам сосема сам, без никаква придружба. Тој нема родители, починати се. Нема никој свој, ниту семејство, ниту роднини. Оставен ќе биде сам на себе, а следнава година треба да тргне на училиште. После долго размислување, некако случајно се сетив на вас и решив да си ја пробам среќата. Совршено ми е јасно дека воопшто не се познаваме, и дека имате потполно право да ми го одбиете предлогот, но имајте на ум дека не барам ништо од вас освен да се грижите за него како за свое дете, и дека ќе бидете наградени за тоа, покрај што ќе имате можност да живеете под ист покрив. Секој ден ќе ви стигнува одредена сума на пари која ќе биде доволна за да се покријат сите трошоци за куќата, за храна и за сите

потреби поврзано со Детето посебно. А, наградата се состои во тоа што нема да бидете сами во следните десет години, и можеби ќе имате некој додаток во вид на паричен надомест за покриени трошоци за старателство. Не се обидувам да ве убедам, туку ви го предлагам ова со целосна доверба иако не ве познавам воопшто. Што мислите за предлогов, одговорете ми побрзо затоа што немаме многу преостанато време?‟, праша Ветерот после долгото обраќање, и сега одговорот што го очекуваше беше одлучувачки за судбината на Детето.

„Навистина јас сум многу изненаден, и од вашето присуство тука, и од вашето необично барање. Сакам да верувам дека имате силна причина за да се осмелите да го барате ова од мене. Но, како да знам дека не е ова некоја валкана игра? Како да

бидам убеден и смело даречеме, да го прифатам вашето барање?", праша градинарот.

„Видете, ве гледам како макотрпно се грижите за сите ваши растенија, тоа ме натера да мислам дека одлично би се снашле и во грижењето за некој друг. Ако ви кажам дека не смеам да ви кажам од каде доаѓам и дека не сум сигурен каде заминувам сигурно ќе ме направите будала, но забрането ми е да зборувам многу подетално. Можам само да ви кажам дека можете комплетно да ми верувате иако имате потполно право да не го направите тоа.

За Детето можам само да ви кажам дека не е мој роден внук, и кога не можам да бидам комплетно искрен, сепак искрено ви кажувам дека беше бездомник и го најдов на улица патем спасувајќи му го животот, и

така се поврзавме. Куќата не ме прашувајте чија е, никој никогаш нема да ви побара документ за да докажувате сопственост откако ќе станете старател. Сето тоа можеме да го средиме утре. И од задутре веќе, да се вселите и да го почнете животот со внук ми. Тоа нема да ве спречи да доаѓате тука и да си продолжувате со работата. Можеби ќе можете да го научите него нешто повеќе околу неа, па тој ќе ви помага и ќе ве наследи еден ден.", рече Ветерот со поглед кој покажуваше нетрпеливост од исчекување на одговорот кој ќе му го даде градинарот. „Дали ќе може да се откажам од старателство доколку посакам?" И што би се случило доколку нешто му се случи нему?"

„Можете да се откажете во секое време, но знам дека нема да сакате да го направите тоа. Условите многу ќе ви одговараат, ќе го

засакате присуството на Детето, ќе се зближите со него и нема да сакате да го напуштите никогаш. Доколку нешто му се случи, вие како негов старател би биле одговорни за тоа.

Затоа уште еднаш ве прашувам дали го прифаќате моето барање и дали сте сигурни дека можете да постапите според условите што ви ги кажав?", праша Ветерот.

„Ризикувањето во животот некогаш би требало да носи убави нешта, а јас никогаш не сум се плашел од предизвици, иако според мојата работа не изгледа така. Ова ваше барање го гледам како една шанса која ми ја дава животот, за барем малку да си ги поправам грешките што ги направив претходно. Можеби ова е начин со кој универзумот ми вели дека ми дава поправен испит. А, јас ќе го прифатам ризикот, зошто мислам дека има причина

поради која вие се сетивте на мене.‟, му рече градинарот.

„Дали ова ваше излагање да го сфатам како потврден одговор‟, праша Ветерот. „Сметајте дека се договоривме‟, му рече градинарот.

„Утре сабајле јас и Детето ве чекаме на плоштадот за да појдеме заедно да ги завршиме обврските и вие двајца подобро да се запознаете.

Тогаш Детето застана до нив и рече: „Колку е убаво покрај сите тие цвеќиња, тешко е да се одлучи кое е најубаво, би сакал еден ден и јас да ги одгледувам.‟

## Заминувањето на Големиот Ветер во нови авантури

Преостанатите два дена беа исполнети со многу активности, запознавање на градинарот и Детето, и прошетките на сите тројца беше совршена прилика Ветерот и Детето да ги поминат заедно преостанатите часови пред разделбата, а градинарот да се зближи со него за да им биде попријатно во првите денови додека се навикнуваат на заедничкото живеење. Од нивното однесување можеше да се забележи дека добро ќе се согласуваат, градинарот беше речиси друг човек кога беше надвор од својата градина, сериозната и сосредоточена фаца ја оставаше таму, и со себе понесуваше ведар лик покрај кој секој би сакал да биде присутен.

Детето знаеше дека тој ќе живее со него од следниот ден кога Ветерот ќе замине на пат

од кој нема да се врати, и се прилагодуваше на новата ситуација секако без да му падне тешко зошто знаеше дека убаво ќе му биде да има некој покрај себе. Не му се веруваше дека животот му се промени од корен за само неколку денови, секако на подобро. Не можеше ни да замисли ваква разрешница откако беше сурово нападнато во паркот. Пред да се онесвести единствена мисла му беше дека му дошол крајот и дека тука неговиот живот најверојатно завршува. Да, дошол крајот на неговите страдања, неспани студени зимски ноќи, гладувања, умор, отфрлање, навреди, и грижи.

Сега беше поинаку. Сега почнуваше од почеток, а од крајот што го наведе на новиот почеток научи многу. Беше свесен дека новата шанса што ја доби мора да ја искористи и беше неизмерно

благодарен за таквата награда која дојде во најнеочекуван момент. Од моментот кога почна да верува дека тоа што му се случува е вистинско, од часот кога зачекорија во новиот дом со Ветерот тој знаеше дека ќе биде поинаку. Можеби сето тоа му се случи на нестварен и филмски начин, но ќе направи сѐ што е во негова можност да ја оправда вербата што Ветерот ја имаше во него. Ако не може да ги направи неговите родители горди, иако можеби од небото тие секогаш ќе го гледаат и ќе се радуваат заедно со него, тој ќе му биде должен на Ветерот целиот негов живот. Ветерот го замоли само да не скршне од патот, да го слуша градинарот, да биде добар ученик и никогаш повеќе да не му се врати на уличниот живот. Зошто тој за него беше само минато, а доколку има можност

еден ден, тој да направи некому улицата да му постане минато.

Тоа беше нивниот договор – со секое помагање некому, со секоја подадена рака за помош Детето ќе му се оддолжува на Ветерот за огромната добрина што тој му ја направи.

И пред да ги напушти засекогаш, додека се прегрнуваа, Ветерот му рече на Детето: „Никогаш не престанувај да се надеваш и да му се радуваш на животот. Помогни колку што можеш, и нешто малку, за некого може да биде премногу. И спомнувај си за мене. Остани со здравје мило дете.“ „Ветувам. Среќен пат. Ќе ми недостасуваш“ ,рече со солзи во очите.

## Почетокот на второто патување

Ова патување траеше пократко. Барем така му се чинеше. Сега немаше потреба да учи ништо човечко, зошто испитот одамна го положи и можеше да биде квалификуван како човек без дополнителни подготовки. Првото патување го направи човек каков што требаше да биде за ова второ и последно патување пред да се врати на својата планета.

Пристигна во нова земја која досега ја немаше посетено.

Повторно истото чувство на новост, непознато и предизвикувачко. Сега авантуристичкиот дух во него се пробуди и како и првиот пат немаше некои посебни инструкции во поглед на неговото однесување и постапки.

Сепак целта беше работите да течат по природен пат, со одлуки кои тој ќе ги донесува самиот, со одредени правила кои мораше да ги почитува. Никако не смееше да каже дека не е вистински човек, и дека не е од Земјата.

Не смееше ни да каже дека е дел од еден огромен експеримент на група млади научници полни со ентузијазам кои на него работеле долг период, а замислата, нацртот и почетоците се спроведени неколку години пред тие да се зафатат со проектот. Биле посебно обучени и тренирани, а под група овде се подразбира на огромен тим од научници од различни земји кои успешно соработуваат со години. Накратко, науката која тие ја изучуваат не е многу позната односно се чува во тајност, а само посебно одбрани поединци кои навистина се интересираат имаат можност да ја

изучуваат. Затоа и не смее ништо да се спомнува ниту да се открива. Впрочем, доколку би се дознало за целиот експеримент, тој повеќе не би бил тоа и би пропаднал, потоа би било непотребно да се спроведува.

Најважно е тоа што постои можност да ви ја прераскажам приказната за големиот Ветер и за неговите патувања. Можеби не се возбудливи како годините на Хари Потер поминати во Хогвартс, но заслужуваат да бидат прочитани.

Сигурно нема да станат славни како приказната за Потер, но тоа не е важно зошто сепак Ветерот нема магични натприродни моќи кога е на Земјата. Или сепак ќе се покаже спротивното? А, верувајте дека откако еднаш ќе ја прочитате неговата приказна тој има моќ да направи да се присетувате на него

секогаш кога ветерот ќе дува силно. И најверојатно ќе се насмевнете во себе присетувајќи се на Ветерот кој можеше да зборува, да личи и да се однесува како човек...

Да продолжам со раскажување, сигурно сакате да го чуете остатокот од неговата приказна.

Откако повторно пристигна на место каде никого не познаваше се присети на Детето. Го разбираше како му било само. И тој сега беше сам исто како првиот пат кога пристигна на Земјата.

Но, повторно по не знам кој пат универзумот со неговиот сигнал испраќа порака дека Ветерот нема долго да биде сам.

Одеднаш, се најде на една висока планина. Во близина забележа планинари со вреќи

на грбовите и шишиња со вода во рацете, и реши да им пријде. „Извинете, ќе може да ми кажете на кое место се наоѓаме, јас малку се изгубив?", прашално им се обрати. „На место каде не треба да биде сам еден ваков човек како вас. И тоа без опрема", му одговори еден висок младич со ведар дух мислејќи да му стави до знаење дека не е безбедно да се оди на планина потполно сам. Ветерот не го очекуваше овој одговор. А, сепак беше во стил на прашањата кои тој им ги поставуваше на луѓето на претходното патување кога ги прашуваше колку е часот. На Ветерот му се допадна тоа, иако малку се збуни. Одговорот не му беше од никаква помош, но беше добра насока за започнување на разговор. „Би ми било драго да ви се придружам, но опрема немам. Ќе мора да ми прогледате низ прсти за тоа, опремата си ја заборавив дома.

Всушност, не ја заборавив, не сакаше да доаѓа со мене денеска, и си остана. Не можев сосила да ја натерам.", шегобијно им даде предлог да го примат и него мислејќи дека треба да ја искористи шансата за да се запознае со некого.

„Ние мораме да продолжиме за еден час, но за жал не смееме да дозволиме да нѐ придружувате без опрема, а не сме во можност оттука да ве снабдиме. Најдобро ќе биде да слезете и да се вратите во градот. Набрзо се стемнува", му рече еден човек кој делуваше повозрасен од другите, најверојатно им беше водач.

Само што го чу ова, како да испари, не стигна ни да му одговори. Одеднаш се најде на друго место, како воопшто да не разговараше со групата планинари пред неколку секунди оставајќи ги сите збунети.

## **Мистериозното исчезнување и појавување**

Што се случи? Како е ова можно? Ова не беше никаде спомнувано во ниту едно правило, а не го вежбал додека се подготвуваше за живот на Земјата, или грешеше, не беше сигурен воопшто. Прво си помисли дека е некоја грешка, или пак тие со кои соработуваше намерно не му спомнаа за тоа како дел од експериментот, но беше убеден дека луѓето така не можат да исчезнат од едно место и да се појават на сосема друго.

Тоа го немаше сретнато, ниту го имаше чуено кога ја проучуваше природата на човечкото суштество како дел од испитот што мораше да го положи како предуслов за добивање на потребната квалификација. Не можеше да праша никого зошто само тие

контактираа со него преку писма, а тој дури и да напишеше не знаеше на која адреса да испрати писмо. И се откажа од идејата. Налудничаво би звучело да праша некој странец што ќе го сретне што му се случува и дали е можно луѓето да се движат на таков начин. Не знаеше ни како да го опише начинот, ни да го објасни, а не пак тек да прашува. Знаеше само дека експресно го напушташе едното место и се појавуваше на сосема друго, и немаше идеја како стигнал зошто тоа се случуваше додека да трепне.

„На изненадувањата им нема крај", си рече. „Кој знае што ќе ми донесе крајот на ова патување, кој се ближи", си заклучи во себе.

Нов почеток. Ќе ти донесе нов почеток Ветеру, сигурна сум.

Откако се договори со себе дека мора да издржи зошто кога тогаш ќе дојде крајот и на ова патување, реши да го истражува новото место на кое пристигна пред неколку минути. Се наоѓаше на место со мек и топол песок и наоколу имаше огромни градби на кои не им знаеше име. Да, беше во пустина, опкружен со пирамиди и исто така беше сам и жеден.

Му текна на планинарите, па си помисли: „Мислам дека од целата нивна опрема сега најмногу ми треба вода".

Реши да прошета малку наоколу, со надеж дека ќе си ја изгаси жедта. Поминаа речиси пет часа откако стигна тука, не сретна никого, бесцелно чекореше по песокот, и не успеа да пронајде извор кој ќе му донесе вода.

Му се причини дека здогледа една камила ама во тој момент кивна и го напушти

местото и додека да земе здив се најде на една селска ливада во близина на која имаше бунар со вода. Потрча да се напие занемарувајќи го изненадувањето со кое повторно се соочи. Мислеше дека ќе остане заглавен во пустината додека не најде начин да замине оттаму зошто знаеше дека не смеат да го остават таму, па ако не се снајдеше сам ќе му помогнеа.

Но, со мистериозното „прелетување“ од едно на друго место веќе му беше помогнато.

„Колку била слатка водата кога многу ти се пие“, му рече Ветерот на селанецот кој се појави од никаде.

„Првпат ве гледам овде. Што ве донесе патот во нашето село?“, прашално со пријателски тон изусти селанецот. „Не знам ни јас пријателе, знам само дека многу ми се пиеше вода, се надевам нема да ми

замериш што се послужив сам‟, шеговито му одговори Ветерот. „Од каде доаѓате господине?‟, љубопитен беше селанецот.

„Од едно преубаво место преполно со цветни леи, дрвја и природа‟, му рече Ветерот со надеж дека нема да добива повеќе прашања, а и тоа беше прво што му падна на памет.

Во тој момент по селанецот викна некој и тој мораше да замине, па за среќа разговорот заврши тука, којзнае какви прашања ќе паднеа ако не се разрешеше така незгодната ситуација. Повеќе незгодна за Ветерот отколку за селанецот, морам да признам зошто Ветерот во тој момент ја имаше заборавено инструкцијата која се однесуваше за местото на неговото потекло.

Реши да ја истражи малку и оваа околина. И таман штом одлучи да најде некоја селска крчма да седне да одмори и да руча, повторно кивна и исчезна, и се појави на друго место.

## Неочекувана средба

Се појави во дворот на една огромна куќа која претходно никогаш ја немаше видено. Не знаеше точно каде се наоѓа, ниту пак знаеше кои се сопственици на куќата во чиј двор беше веќе влезен. Тоа беше приватна сопственост и знаеше според правилата дека не смее да појде на туѓ имот доколку не е поканет. За првпат го доживеа чувството на страв, мислеше дека може да си западне во неволји доколку откријат дека им се шета во дворот. Во тој миг додека размислуваше како да го најде патот за безбедно да излезе без да биде забележан слушна некоја весела музика и луѓе кои пеат во хор. Поубава музика немаше слушнато во негова близина откако пристигна на Земјата. Се прашуваше што се

случува, иако знаеше дека е нешто убаво. Сепак стравот полека почна да му исчезнува, но не целосно.

Не можеше да знае што точно ќе се случи, и дали ќе доживее некоја непријатност. Имено, кога ја слушна музиката како да заборави на стравот и се упати кон правецот од каде што доаѓаше звукот, зошто беше љубопитен што се случува во негова близина.

Притоа, за да можеше да излезе од дворот, мораше да помине покрај собраните луѓе, и тоа му беше единствена прилика да се појави пред некој претходно да го забележи. За среќа, поради убавата атмосфера и расположените присутни и поради околностите кои му одеа во прилог тој се снајде поубаво отколку што очекуваше.

Направи само неколку чекори и се појави пред присутните кои седеа на една огромна маса богата со разновидна храна и пијалак, се смееја, некои гласно, а некои потивко си потпевнуваа додека музичарите свиреа на нивните инструменти и ги забавуваа присутните.
Не го забележаа зошто сите беа понесени од атмосферата, некој покрај со пеење беше зафатен и со дегустирање на храната, а некои беа задлабочени во меѓусебните разговори.
И таман си помисли ова е совршена прилика за да го напушти местото на „злосторството" пред претходно да биде забележан зошто тој го забележа излезот во непосредна близина, во тој момент го здогледа едно девојче кое се плеткаше околу инструментите на музичарите, и се стрча кон него.

Ветерот се сепна, не му беше јасно зошто девојчето трча кон него наместо на пример да ги извести присутните за непоканетиот гостин.

Изгледа никој не забележа што прави девојчето, ниту пак го забележаа присуството на Ветерот. Тоа му беше мошне чудно, но си мислеше луѓето се пренесени во случувањата, и тоа му беше оправдување зошто уште не е избркан од туѓиот имот каде што не смееше да биде присутен.

Кога девојчето застана до него му рече:

„Чичко, зошто таму стоите сам?“ Ветерот размислуваше што да ѝ каже, кога процени дека нема повеќе од 4 години си помисли дека може да даде било каков одговор кој би му бил разумен на толкаво девојченце. Но, не можеше да ја претпостави нејзината реакција, и се

плашеше што ќе се случи кога ќе им каже на родителите кои во секој момент требаше да видат дека ќерката им разговара со странец.

„Мислам дека се загубив. Случајно влегов во дворов барајќи една прослава на која требаше да биде присутен брат ми, а се наоѓала во близина, па изгледа ги помешав куќите.", ѝ рече.

Девојчето му се насмевна. Никогаш претходно Ветерот не беше видел толку блескави и рамни детски запчиња, иако нејзината насмевка беше подеднакво мила како и од Детето со кое се збогуваше пред некое време.

„И возрасните можеле да се загубат?", зачудено праша девојчето.

Ветерот не беше изненаден од нејзината љубопитност, зошто научи веќе дека децата

на оваа возраст обожаваат да поставуваат секакви прашања.
„Можат да, посебно ако местата на кои се движат не им се воопшто познати.", ѝ одговори Ветерот со пријателска насмевка.

„Добро, дојди да ти ги покажам моите родители, во нашата куќа славиме и сигурна сум дека мајка ми и татко ми ќе ти помогнат да ја најдеш куќата што ја бараш.", му рече девојчето и почна да го влече за рака.
Ветерот не се противеше зошто му се виде како добра идеја.
Кога девојчето се приближи до масата, ѝ кажа на мајка ѝ дека некој чичко се изгубил и дека е во нивниот двор, и дека е тука до неа.
Мајката ја дигна главата меѓутоа никого не можеше да види.

Се зачуди од однесувањето на Валерија зошто никогаш претходно вака не направила. Помисли дека ќерка ѝ се шегува и дека ова е една од нејзините нови детски палавости кои обожаваше да ги смислува посебно на такви собири, но почна да се загрижува кога Валерија почна да ја убедува дека навистина до неа стои чичкото и дека со него разговарала. „Кажи нешто, зошто стоиш така! Кажи ѝ на мајка ми дека не ја лажам!‟, му викаше девојчето. Ветерот не можеше да биде повеќе збунет. Откако пристигна тука, ваква ситуација немаше доживеано. Се прашуваше уште што ли ќе доживее. Тој можеше да ги гледа двете, присуствуваше на настанот, го слушаше разговорот, дури и зборуваше, но никој не можеше да го види ниту слушне освен девојчето.

„Малечка, мислам дека само ти можеш да ме видиш", ѝ рече.

„Како е тоа можно?", зачудено праша девојчето.

Мајка ѝ ја следеше како разговара со замислениот пријател и не можеше да им верува на очите колку добро ќерка ѝ глуми нечие присуство, па дури и смислува замислен разговор. Потоа си помисли дека нема причина да се грижи зошто сепак таа е дете, а тоа на нејзина возраст е оправдано.

„Не знам ни јас, но изгледа мора да заминам.", ѝ рече Ветерот.

„Зошто другите не можат да те видат, а јас можам?", повторно го праша девојчето за да го задржи. Ѝ стануваше интересно тоа што можеше да разговара со човек кој само таа можеше да го гледа.

„Навистина не можам да ти објаснам. Да речеме дека не сум дух, но изгледа за другите сум невидлив освен за тебе.“, се обидуваше да ѝ даде некаков одговор пред да исчезне мистериозно. „Ајде вака да направиме, за да видиме дека не си дух и дека навистина постоиш, јас ќе земам од масата една чинија со храна и ќе ти ја дадам, и ако ја изедеш значи дека си во право.“, предложи девојчето.
Ветерот како што беше гладен оваа идеја му се допадна и беше изненаден од остроумноста и досетливоста на девојчето.
„Може, се согласувам.“, се согласи Ветерот.
Валерија не знаеше како ќе објасни зошто ѝ е потребна дополнителната чинија со храна, но сепак реши дека ќе ѝ објасни на мајка ѝ во што се состои планот.
„Ќе му ја дадам чинијата на чичкото, и тој треба да ја изеде храната. Така ќе знаеме

дека навистина е тука до нас, а само јас можам да го видам. Со тоа ќе ми веруваш дека не измислувам и дека тој постои.“ На мајка ѝ прво ова ѝ се чинеше како детска лудост која можеби замина малку предалеку, но поради прославата, и за да не ѝ го расипе меракот реши да ја игра нејзината игра, ја наполни чинијата со многу храна и ѝ ја подаде. Валерија ја зеде, и му ја даде на Ветерот во раце. Тој ја зеде и почна да јаде стоејќи. Само што ја допре чинијата исчезна, а жената не можеше да им верува на очите.

Откако го заврши јадењето, ѝ ја врати назад чинијата на Валерија.

Таа задоволна дека сега има доказ дека навистина до нив стои чичкото што се изгубил, ја грабна чинијата и побрза да ѝ ја покаже на мајка ѝ. Кога девојчето ја зеде во рака таа повторно беше видлива, и мајка

ѝ за малку ќе паднеше во несвест. Ја виде и навистина беше празна. Само пред 8 минути таа со свои раце ја наполни чинијата со храна, виде како исчезнува откако ќерка ѝ ја подига во воздухот и повторно се појавува празна. Невозможно!

Каква е оваа магија? Што ли се случуваше пред нејзините очи? Дали можеби почнала да халуцинира понесена од играта на ќерка ѝ? Не беше можно тоа, убаво виде што се одигра пред нејзините очи, односно го виде само тоа што можеше да го види: полна чинија со храна која стана невидлива кога ќерка ѝ ја подигна, и потоа ја виде истата чинија празна кога ќерка ѝ ја крена раката за да ја земе.

„Еве, чичкото заврши со јадење!“, задоволно викна Валерија

„Не ми се верува што се случува овде!", викна мајката.

Гостите кои се забавуваа убаво од гласната музика ништо не слушнаа, а разговорот продолжуваше да се одвива помеѓу мајката, ќерката и плус Ветерот кој можеше да разговара само со Валерија.

„Чичкото сега треба да си оди, рече дека го барал брат му кој би требало да биде на прослава во близина на нашата куќа", убедливо рече девојчето.

„Навистина?", праша мајката. „А, како ќе го објасниме овој настан јас и ти малечка?", дополни.

„Нека остане наша мала тајна.", мудро заклучи девојчето.

Мајка ѝ не можеше да се сосеме како што треба, мислеше дека вакви сцени можеше да гледа само на филм, а сега вечерта ѝ стана како дел од некоја филмска сцена.

Дефинитивно оваа прослава ќе ја памети до крајот на животот, па можеби некогаш и ќе го спомне настанот ако има прилика и ако оцени дека нема да ја сфатат погрешно. Сега одлучи дека треба да продолжат со забава, па ѝ рече на Валерија да седне до неа.

Ја слушна како му вели „пријатно‟ на невидливиот човек, и во истиот момент посака ова да го заборави.

Пред да го напушти дворот Ветерот ја погали по косата и се поздрави со неа. Мило му беше што се најаде, а и што успеа да излезе така незабележан. Тоа што го мачеше се содржеше во одговорот на прашањето зошто стана невидлив и зошто почна да „прелетува‟ на различни места во ист ден и сето тоа само со едно „кивнување‟.

## Измачувачки прашања

Почна да размислува уште колку време има до крајот на ова второ патување и која беше поентата да се среќава со толку различни луѓе на различни места, и зошто можеше да биде невидлив?

Во договорот стоеше дека патувањата ќе бидат непредвидливи, изненадувачки и напорни, но никаде не беа спомнати овие подробности кои го измачуваа. Од друга страна знаеше дека ова е само еден експеримент и дека за брзо ќе заврши, но толку се соживеа со улогата на човек што му паѓаше тешко кога ќе предизвикаше збунетост или зачуденост кај луѓето кои ги среќаваше.

Почна да размислува како се снаоѓаат Детето и градинарот, но беше убеден дека ќе се согласуваат добро со оглед дека премалку ја познаваше човечката природа.

Потоа помисли до кога ќе биде вака со исчезнувањето и појавувањето на одредена локација, и се прашуваше кога ќе му стигне порака во вид на насока за да ги дознае информациите околу завршувањето на експериментот и кои се следните негови чекори зошто досега беше оставен сам на себе.
Мислеше дека ќе треба некаде да преноќи зошто ноќта веќе беше спуштена, градот беше празен, а времето не беше погодно за да може да преспие на отворено иако и тоа немаше тешко да му падне.
Во моментот кога одлучи дека ќе проба да најде некој хостел во близина повторно кивна и одеднаш се појави во ходникот од еден старски дом.
Се изненади што овој пат не е повеќе на отворено со оглед што претходните „прелетувања" му беа такви.

Сега повторно му се појави чувството на ново и почна да размислува како ќе се снајде во домот. Прво помисли дека треба да се пријави на рецепција, но што ќе им кажеше? „Извинете, но јас кивнав и по случаен пат долетав тука кај вас, ќе може да преноќам иако не сте хотел?" или „Извинете, јас случајно дојдов кај вас зошто нема каде да одам и ве замолувам да ми дадете еден кревет во некоја од собите, кревет до креветот на некој дедо".

Во двата случаи не виде надеж дека ќе биде сфатен сериозно, па почна да смислува начин како да остане тука и да преноќи, кога веќе дошол.

Претпоставуваше и дека сигурно има причина што пристигна тука.

Се движеше низ ходникот со намера да пронајде некого.

Од една од собите излезе една негувателка и го забележа.

„Извинете, ќе може да поразговараме“?, ѝ се обрати Ветерот.

Негувателката кога го погледна му рече: „Вие нов сте тука? Првпат ве гледам, а досега не сум ве сретнала во ниедна од собите.“

„Дали ќе може да ме однесете кај управникот? Треба да разговараме.“, праша Ветерот.

„Следете ме“, му рече негувателката. Кога пристигнаа на вториот кат пред вратата на управникот Ветерот сфати дека нема идеја што би му рекол, но сега веќе немаше назад.

Немаше време за да ги преправа работите, ниту да смислува говор.

Се фати за орото и не смееше да се пушти. Тропнаа на вратата и влегоа двајцата.

Негувателката му рече на управникот: „Човекот ме замоли да го донесам кај вас, вели дека сакал да разговара со вас‟. „Повелете седнете‟, управникот му се обрати на Ветерот.

Во тој момент во канцеларијата влезе уште една негувателка носејќи некое писмо во рацете и му го подаде на управникот. Тој го зеде и виде дека мора итно да го прочита. Писмото пристигна баш во вистинско време, исто како што такси колите пристигнуваат во филмските сцени баш точно на време кога се потребни. Писмото беше испратено од член од тимот експериментатори кои бараат Ветерот да престојува кај нив одреден период и дека тие ќе ги покријат сите трошоци. Не им беше спомнато за експериментот секако, во писмото беа претставени како фамилија на Ветерот кој наводно изјавил дека сака да престојува во

старечки дом, па тие му ја исполнуваат желбата.

Ветерот иако не изгледаше за толку стар, имаше доволно години за да може да биде примен.

Откако го прочита писмото, управникот одма одреди во која соба ќе биде сместен и им нареди да му ја дадат најубаво опремената соба со најубавиот поглед и со најмодерниот мебел.

Тоа се должеше на високата сума што фамилијата на Ветерот беше спремна да ја плати, само за да го примат и тој да ги има сите најдобри третмани.

„Добро дојдовте во нашиот дом, господине! Утре ќе ни ги достават вашите документи, но сега за да ве заведам ве молам кажете ми име и презиме", му рече управникот. „Зефир Венти", му рече Ветерот. Името беше смислено од претходно со договор со

тимот, кое беше верзија од име на еден благ ветер заштитник на билките, додека презимето беше латинското име за ветер. „Имајте пријатен престој во нашата установа, се надевам дека тука ќе стекнете многу нови пријателства“, му рече управникот на Ветерот или на Зефир Венти.

**Зефир Венти**

Ветерот кој на почетокот ви го опишав како силен и моќен поради кој се кршат прозорите, таков беше само на неговата планета. На Земјата беше потполна спротивност, баш како неговото име кое го означува благиот и нежен ветер. Венти или латинското име на ветровите совршено му стои како презиме.

Зефир изгледаше како нормален човек за негова возраст, човек на крајот од средното доба и на почеток на зрела доба со добро сочувано здравје.

Немаше многу брчки, но затоа косата му беше измешана со црна и сива боја и веќе почнуваше да белее. Не му беше воопшто грижа како изгледа зошто знаеше дека нема да биде долго таков. Му беше грижа само дали ќе може безбедно да се врати назад од кај што потекнува и дали ќе биде

претворањето во првобитна форма подеднакво успешно како и претворањето во сегашната човекова форма. Мораше да биде, зошто од тимот му го гарантираа тоа, а тој прифати само затоа што им веруваше и затоа што сакаше да го искуси и овој начин на живот.

Претворањето не беше лесен процес, потребни беа долги години исполнети со работа, исцрпни и неспани ноќи, како и огромни истражувања и проучувања во различни области, обуки, тестирања, создавање на машини кои беа направени од напредна технологија која допрва треба да почне да се создава во поголеми количини за други намени.

Тимот и целата идеја постоеле уште пред да се формираат новите тимови, па потоа поискусните ги подучувале новите заинтересирани научници – ентузијасти

кои брзо се вклопиле, и само потоа го надополниле планот и кога виделе дека можеби и ќе успее почнале да работат на негово остварување.

И конечно после речиси половина век нивната првична замисла малку променета, станала успешна. Основачот и иницијаторот за ваков вид на експеримент не е повеќе меѓу живите, но наследниците кои ја продолжиле неговата работа се горди и се убедени дека и тој би бил подеднакво горд доколку беше меѓу живите. Од скромна бројка на млади научници кои биле претерано амбициозни, сега прерасната во троцифрен број со обид да порасне уште повеќе доколку резултатите од експериментот бидат успешни.

Доколку се покаже дека ветровите кои имаат одредени карактеристики можат да добиваат човечка форма за која мора да

исполнуваат одредени услови, и успешно ќе се вратат назад во нивната првобитна форма, научниците ќе се произнесат и ќе ја започнат новата ера во научните кругови. Но, тие беа убедени барем во следните два века дека човек никогаш не би можел да се претвори во ветер или во нешто друго. Тоа беше спротивно од човечката природа. После завршување на експериментот ни науката повеќе нема да биде иста. Ќе се воведе нова дисциплина која ќе биде спој на повеќе области од неколку науки. Дисциплината ќе биде наречена: „Биофизастроневропсиха", составена од повеќе науки која се состои од проучување на ветровите, луѓето, растенијата, планетите и сите природни појави, и проучување на шансите како ветровите можат да добијат човечка форма. Со еден збор употреба на сите сознанија од повеќе

науки споени во една дисциплина. Изгледа налудничаво мора да се спомне, но целта на раскажувачот е да потенцира дека доколку може да се помисли можеби еден ден и ќе може да се исполни. Научниците не се одбрани случајно, секако поради тоа што сите овие проучувања се правени во тајност и изучувањето на природата на ветровите, собирите на научниците и општо нивното работење немаше да биде ниту признаено ниту дозволено поради забраните со кои ќе беа соочени. Тие меѓусебно си помагаа, се криеја и се обидуваа да работат на развивање на најновата дисциплина со необично долго и тешко за изговарање име, напоредно со нивната вообичаена работа. Нивните сестрани познавања како во својата област, така и во сродните, како и склопот на повеќе различни области кои беа

проучувани од други нивни колеги, допринесоа тие да им помогнат во поуспешно и побрзо развивање на дисциплината.

Беше вложено доста во целиот експеримент. Покрај трудот и времето, вложени се и вртоглаво огромни количества на пари, но тие се стекнати на легален начин и без ничија оштета. Убедени беа дека овие нивни нови откритија ќе допринесат за развојот на човештвото, но и разбирање на сѐ  што не беше човечко и поврзување со човекот. Се очекуваше дека нивните откритија на многумина ќе им изгледаат невозможни, нереални, нестварни, па дури и налудничави. Но, во науката покрај егзактност, постоеше и некоја налудничавост, која само научниците ја разбираа во целост и тешко можеа да ја објаснат. Ќе биде потребен долг

период за да биде прифатена новата дисциплина од страна на останатите вклучувајќи ги и обичните луѓе кои не се никакви научници.
На тимот од експериментот наречен: „**Ветер во човечка форма**" ќе им треба голема трпеливост, докажување на тврдења, поврзаност, точност, презентирање на резултати, докази и убедување дека навистина нивната долгогодишна работа била успешна и не била залудна.
Целта за поврзување на човекот со сѐ што не е човечко е исполнета, а ќе се докаже и дека ветровите можат успешно да се прилагодат на живот на Земјата во човечки облик исто како што луѓето се прилагодуваат на нив.
Само во одредени случаи предизвикуваат штети кои не можат да бидат спречени, во

сите други случаи ветровите им се потребни на луѓето.

Зефир Венти ни покажува дека може да чувствува подеднакво како и секој друг човек, дека може да му помогне секому кому е потребна помош дури и ако претходно не бил во таква ситуација каде ќе треба да се помогне. Зефир е пример за ветер кој менува животи на сметка на тоа што си го променил својот од корен, макар и привремено.

## Последните денови од патувањето

Сега откако престојуваше речиси една недела во домот за стари лица се навикна на таквиот живот иако првично му се чинеше како невозможна мисија да живее затворен во четири ѕида.

Се запозна со баба Зона, со дедо Зоре, со уште една баба Цветанка, па со еден дедо чие име не можеше никако да го запомни, па го викаше дедото со кафеавиот шешир. Сите тие му се чудеа на необичното име, но многу брзо го засакаа затоа што беше ново освежување и затоа што некако се разликуваше од сите останати. И сите овие баби и дедовци се дружеа по цели денови раскажувајќи си приказни од својата младост, си ги споделуваа животните искуства и се фалеа кој имаше повеќе внуци. Зефир тука беше во незгодна ситуација. Беше добро опремен и подготвен

со цел животен роман кој се однесуваше на него, но во договорот стоеше дека ќе кажува дека никогаш нема оформено семејство, и дека останал сам. Мораше да научи многу детали кои објаснуваа какво би требало да му било детството, па младоста, и зрелиот период пред да биде на сегашната возраст. За среќа, секогаш во разговорите успешно се снаоѓаше затоа што имаше неверојатни ораторски способности и добра меморија која му овозможуваше да ги складира информациите.

Како и претходните денови, во текот на вечерата истата група погоре опишана, на чело со баба Зона седеа на иста маса и уживаа во вкусната супа од печурки, печениот ориз и салатата.

За време на вечерата покрај тоа што сите убаво се најадуваа, оваа група на чело со

баба Зона секогаш беше највесела, најбучна и се познаваше дека најмногу се забавува.

Дедо Зоре секогаш ги кажуваше најсмешните вицови или анегдоти од неговата младост, дедото со кафеавиот шешир секогаш го задеваше Зоре и кажуваше шеги на негова сметка што допринесуваше атмосферата да биде повесела. Цветанка и Зефир не беа отфрлени, но тие двајца помалку учествуваа во разговорите, но се смееја и уживаа подеднакво како сите останати. Ветерот или Зефир конечно можеше да ја запознае и таа страна на човекот кога е веќе во последниот стадиум од животот и беше изненаден од тоа колку може еден да биде позитивен иако да речеме не знае уште колку време му останало на располагање. Забележа дека сите во домот

ја немаа истата енергија, живост и ведар дух како тие во неговата група и слични на нив, некои од дедовците и бабите беа депресивни, некои имаа Алцхајмер и не знаеја како се викаат, а некои не можеа да поднесат што се сместени баш тука дури и против нивна волја и беа разочарани зошто членовите од нивните семејства толку лесно се откажуваа од нив и немаа време да се грижат за нив.

Секој поединечен случај си беше приказна за себе, секој човек си носеше животна приказна која го правеше уникатен, различен од сите останати, со свои лузни, радости и спомени. Но, сите тие имаа нешто заедничко: имаа некакво минато, и живееле поинаков живот пред да дојдат тука.

Додека ја завршуваше супата, дедо Зоре ја намести сериозната фаца што значеше дека

шегувањето прекинало барем додека не заврши вечерата, се обиде да го вклучи и Ветерот во разговорот зошто вечерта изгледаше некако отсутно, па го праша: „Зефире, сега пред малку се шегувавме за баба Зона и дедото со кафеавиот шешир, вие со баба Цветанка сте многу тивки вечерва, да почнеме и за вас да се шегуваме?‟, се насмевна дедо Зоре кој изгледаше не знаеше да води нормален разговор, а да не биде шегаџиски, па и кога одлучи да биде сериозен исто како да не беше.

„Од каде сега тоа?‟, се изненади Зефир. Немаше размислувано никогаш претходно дека на дедо Зоре ќе му падне на памет вакво нешто, а и плус баба Цветанка беше доста повозрасна од него.

„Зошто сакаш да ме задеваш мене стари, и сите нови во нашата група се обидуваш да

ми ги наместиш?‟, зајадливо праша баба Цветанка на која не ѝ падна чудно прашањето на дедо Зоре зошто беше навикната на ваквите негови коментари.

„Затоа што мислам дека ти е време да си фатиш нов дечко!‟, уште повеќе ја задеваше дедо Зоре зошто знаеше дека нема да му се налути.

Тие беа навикнати на ваквите разговори, и не им беше непријатно.

„И јас се согласувам.‟, дофрли дедото со кафеавиот шешир.

На Зефир или Ветерот не му беше баш многу пријатно, од причина што досега никогаш не се нашол во ваква ситуација и изгледаше како тинејџер од 15 години на кого првпат му местат девојка, а и знаеше дека нема ништо да се случи со оглед на тоа што за брзо требаше да си отпатува засекогаш.

Сепак, и покрај тоа што имаше можност да се запознае со човечката природа во нејзината вистинска форма, многу работи останаа недоживеани, но не жалеше. Знаеше дека краткиот период кој го имаше на располагање покрај тоа што им беше доволен на научниците експериментатори, нему не му беше ни половина доволно за да може да го доживее сето она што еден човек го преживува во текот на еден живот. Ја запозна и љубовта во една чиста форма, не онаа романтичната, туку онаа кон едно дете која беше блиска на родителската односно љубовта што ја чувствуваше еден татко кон својот син или пак дедото кон своето внуче. Доколку не го спасеше Детето, и не го запознаеше подобро, можеби и немаше да има прилика да ја почувствува таквата љубов. Научниците си ја потврдија хипотезата дека штом еден

човек кој не е роден како таков, туку е прилагоден и формиран во човек со помош на напредна технологија, е способен да се поврзува со луѓето, да им помага, да се грижи за нив, па и да ги засака на таков посебен начин, вистинскиот човек е способен за многу нешта! Дури и да го жртвува животот за некој кој неизмерно го сака... Уште една хипотеза која ја потврдија научниците беше онаа дека човекот е способен да му верува и на човек кој не го познава воопшто доколку тој му пристапи пријателски со образложение и причина зошто да му се верува. Иако сите зборуваа дека во денешно време никому не може да му се верува и дека единствената личност на која треба да ѝ се верува си ти самиот, испадна дека можело да им се верува на другите, но со огромна доза на ризик и вклучена претпазливост.

Тие кои изгледаа дека брзаат некаде и дека немаат време да застанат и да погледнат околу себе, не значеше дека не се грижат за ништо околу нив, туку дека сопствените проблеми им се најважни. Ветерот почна и нив да ги разбира, дури откако почна да се соочува со свои проблеми.

Проблемите се состоеја од смислување начини да не биде откриен дека не е вистински човек, дека не смее да заборави на правилата, дека не смее да каже дека е од друга планета, дека не смее да заборави да пронајде некоја од насоките, дека мора да го земе писмото со паричната сума, дека треба да се грижи за некој друг освен за себе, и дека сето тоа на крај ќе го заборави. Научи да живее со обврски и стекна шанса да доживее како е кога на грб ти лежат доста работи кои чекаат да ги извршиш. Баш поради сето ова тој веќе почна да ги

разбира луѓето и практично, не само теориски. И токму тоа му ја олеснуваше комуникацијата со нив.

Не му беше лесно во подготовките, доста време помина во читање за тоа како функционираат луѓето, гледаше доста видео записи со поучна содржина и слушаше предавање и обуки за тоа како треба да се однесува.

Беше како робот кој требаше да биде програмиран за нешто.

На експериментаторите им послужи како експериментално глувче, односно повеќе наликуваше на робот кој некој друг може да го управува преку едно копче. Но, тој испадна многу повеќе од тоа.

Откако научниците открија начин кај него да разбудат емоции, односно да му ги вградат преку посебната технологија која претходно го претвори во човек, тој почна

да чувствува, но не можеше да ги разликува чувствата додека не ги доживеа. И еден од предусловите за да го испратат на Земјата беше успешното вградување на емоциите, односно во центрите во мозокот кои се одговорни за активирање на различните емоции.

За подобар опис, Ветерот или Зефир можете да си го замислите како современ робот со чувства, односно робот кој се движи и постапува по сопствена волја поради вградениот систем за активирање на емоции, но кој мора да биде контролиран од некого во одредени ситуации, а сепак со изглед на човек кој не се разликува од обичниот човек во неговата околина. Изгледа дека по сето ова што ви го раскажав, експериментот се ближи кон неговиот крај, и изгледа дека ќе биде успешен. Но, научниците треба да го

потврдат тоа. Им беше потребно уште малку време за да ги добијат резултатите и да означат завршување на патувањето, а потоа да дадат конечна одлука дали целиот процес бил спроведен успешно.

## Откривање на причините за настаните

Во домот му поминуваа последните денови од патувањето и неговите авантури кои можеби и не изгледаат премногу возбудливи.

Таков беше планот на научниците, последните денови да ги помине на затворено во комуникација со што е можно поголем број на луѓе.

Размени мислења речиси со сите, ја доби и една од последните насоки, Насока бр. 5 на која пишуваше: „Ти остануваат уште 3 дена тука, пред твоето огромно враќање назад. Знаеш дека мора да се држиш до договорот и никому не смееш да кажеш за тоа што е забрането, дури ни последниот ден. Утре треба повторно да се сретнеш со Валерија за да откриеш зошто само таа можеше да те гледа. Ќе појдеш на истото место, во дворот, и ќе најдеш прилика да разговараш

со неа. Мора сам да се снајдеш повторно понатака, немаш други инструкции. Тоа му беше инструкцијата во насоката под број пет. Останатите две насоки ќе ги добие последните два дена пред огромното враќање.

Следниот ден направи како што му беше наложено. Појде уште утрината во дворот од куќата каде Валерија би требало да живее и реши да почека. Мораше да смисли начин како да започне разговор со неа, а и не знаеше дали ќе биде видлив и за останатите или повторно само таа ќе може да го гледа.

Прошета наоколу за да не биде сомнителен дека се вртка околу куќата и во меѓувреме се обидуваше да смисли начин да влезе во дворот за нормално да разговара со Валерија. Шетајќи почна да прави планови како би можел да се појави на

надворешната врата чекајќи некој да излезе и да почне разговор со нив претставувајќи се како некој кој е заинтересиран да купи куќа во близина на нивната зошто забележа табла на една од околните куќи која велеше дека таа се продава. Но, изгледа дека немаше потреба толку да се мачи зошто во тој момент ја забележа Валерија како излегува во дворот заедно со една постара госпоѓа која веројатно се грижеше за неа. Нејзините се чинеше заминуваа на работа судејќи по тоа како беа облечени и фактот што беше рано сабајле, па тој си помисли дека можеби ќе биде полесно да разговара со неа кога тие нема да бидат присутни. Мораше да го исполни делот од насоката кој велеше дека мора да разговара со Валерија. Но, немаше други упатства. Како ќе знае што треба да открие? Како да го започне разговорот?

Откако родителите на Валерија заминаа, таа остана сама во дворот додека во нејзина близина беше госпоѓата што се грижеше за неа. Но, изгледа дека не ѝ обрнуваше многу внимание зошто беше зафатена со нешто во рацете, изгледа го викаа мобилен телефон, некоја чудна направа која Ветерот или Зефир не сакаше да научи да ја употребува. Среќа годините го оправдуваа, зошто ќе беше многу чудно да имаше помалку години и да не се служи со таков уред.

Тогаш реши да се појави на предниот дел од дворот од кој Валерија можеше да го забележи. „Здраво, девојченце!‟, ѝ викна оддалеку. Таа веднаш го позна.

„Невидливиот чичко!‟ викна и повторно се стрча кон него како првиот пат кога го виде.

„Тој сум‟, со насмевка ѝ одговори Ветрот.

„Да ја викнеме Мери да видиме дали ќе може да те види!‟, извика Валерија зошто тоа беше прво нешто на кое се сети. Сакаше да знае дали сега невидливиот чичко можеше да биде видлив. Но, не сакаше да спомнува дека претходно бил таков и само таа можела да го види, зошто така се договорија со мајка ѝ. Ветерот знаеше дека сега ќе биде видлив зошто се сети дека некаде прочита дека ќе може да стане невидлив само во ситуации во кои тоа ќе го посака. Но, како можеше да заборави! Посакуваше да е невидлив, и тоа се случи, а заборави дека знаеше на тоа! Добро, со оглед дека немаше природен мозок туку вештачки креиран, и со оглед на огромната количина на информации што мораше да ја запомни во толку краток период не смееше да изгледа чудно тоа што ја заборавил толку важната ситуација. „Тетка Мери, ќе

можеш да дојдеш?!", викна Валерија која воедно размислуваше што ќе ѝ каже ако не го види, причината поради која ја викнала. А, доколку го забележи, ќе помисли дека ја повикала поради непознатиот чичко што стои на вратата од нивниот двор. Тетка Мери веднаш стана од удобната столица и појде кон Валерија.

Тогаш го здогледа Ветерот. Ѝ се стори многу познат, како некаде да го имаше претходно видено. Не можеше да се сети зошто го имаше ова чувство, но го занемари за момент.

„Здраво господине, кого барате?", го праша со рамен тон.

Тогаш и Ветерот и Валерија се израдуваа дека тој не е повеќе невидлив. Всушност тој беше таков само тогаш, потоа беше нормален односно видлив за сите. Изгледа чувството на опасност и големата потреба

да не биде видлив и огромната потреба да го напушти местото на кое е присутен допринеле да стане невидлив, наместо да исчезне како што го правеше тоа повеќепати. Само уште не му беше јасно зошто Валерија тогаш го виде, а никој друг не. Тогаш се сети на големата љубов кон Детето и нивната поврзаност. И како да му падна на памет дека во правилата за станување невидлив, изгледа пишуваше дека секогаш кога ќе е во таква состојба ќе може да биде забележан од само една личност која никому не направила зло и која бескрајно им верува на луѓето. Се сети! И чудно му падна како се сети и на оваа информација кога постоеја речиси 20 правила поврзани со невидливоста и уште исто толку правила помножени со десет кога станувaше збор за други подробности.

„Мислев да не имате некоја информација за куќата што се продава во близина? Еден мој пријател е заинтересиран да ја купи, па сакав да се распрашам‟, мирно ја праша Ветерот.

„Господине немам никаква информација за жал, меѓутоа можеби можете да проверите да не има некаков број на таблата за да стапите во контакт со сопствениците‟, му одговори тетка Мери.

„Во секој случај, ви благодарам на одговорот.‟, со насмевка ѝ рече Ветерот и ја напушти куќата.

„Знам од каде ми е познат!‟, си рече на глас тетка Мери за себе, зошто Валерија не можеше да ја чуе бидејќи беше зафатена со играњето во тревата.

Тоа е човекот кој го забележав во старечкиот дом кога одев во посета на својата тетка.

## Објаснување за мистериозното исчезнување и појавување

Кога се врати назад во својата соба сфати зошто требало да се сретне со Валерија. За да не биде збунета и да биде сигурна дека навистина тој постоел, а тоа што тогаш во тој момент бил невидлив за сите останати освен за неа не можеше да се објасни за толку кратко време и затоа реши да не ја почнува темата, а и не можеше поради госпоѓата која се грижеше за девојчето. Беше убеден дека успешно ја изврши и оваа задача од насоката и со нетрпение го очекуваше следниот ден за да ја добие следната насока.

Кога таа повторно ќе ја спомне темата и ќе ѝ објасни на мајка ѝ дека невидливиот чичко повторно се појавил и дека имал можност да разговара со госпоѓата која се

грижи за неа, не беше сигурен како ќе се одвива разговорот.

Но, знаеше дека неговиот дел тука е завршен. Валерија можеби овој настан и ќе го заборави после многу години, освен ако не ѝ оставил голем впечаток и ако не си го припомнува често. Но, мајка ѝ сигурно ќе го памети иако беше претерано тешко да се објасни, опише или раскаже. Не затоа што беше нешто што не може да се запомни, но беше тешко да се поверува.

Затоа тие двете никому не кажаа, ниту го спомнаа случувањето од прославата. Можеби, кога еден ден ќе ја прочитаат приказната за големиот Ветер ќе успеат да се сетат и да ја поврзат со невидливиот чичко, зошто би требало таа приказна да ги потсети токму на тој настан.

Иако, Ветерот никогаш не спомна дека е ветер, неговите натприродни моќи само така можеа да се објаснат и оправдаат.

Имено, неговите мистериозни исчезнувања и појавувања на различни места се должеа на поврзаноста со ургентната потреба за задоволување на желбата која беше поврзана со чувствување на интензивни емоции.

Всушност, кога ќе му се појавеше одредена желба да стигне на одредена дестинација најбрзо, а тоа беше проследено со интензивно чувство и тогаш со помош на кивавица го напушташе местото на кое се наоѓаше и се појавуваше токму тоа каде што требаше и каде што можеше да ја задоволи потребата.

На пример кога беше во пустината и кога долго време беше без вода неслучајно се појави во селото до бунарот. Или во

случајот кога после средбата со планинарите се појави на прославата со толку луѓе зошто имаше потреба да се социјализира и да припаѓа во некоја група, но тогаш поради интензивното чувство на страв дека се наоѓа на недозволено место наместо да се префрли на друго место како и претходниот пат тој се направи невидлив. Тоа се должеше на некои од правилата кои беа запишани во дел од нацртот на експериментот.

Во секој случај, ни тоа што експериментаторите одлучија последната дестинација да му биде во старечки дом не беше сосема случајно.

Ако спасувањето на Детето не беше воопшто планирано од претходно туку беше последица на личната одлука на Ветерот, следните неколку настани поврзани со нив двајца беа на некој начин поврзани со

насоките кои Ветерот ги добиваше. Додека случувањата во вториот дел од патувањето во голема мера беа контролирани од експериментаторите, барем во поглед на одлуките кога требаше да го напушти одреденото место и да се појави на друго. Сепак, не можеше сѐ да биде контролирано зошто експериментаторите можеа да манипулираат само со одредени варијабли, останатото му беше допуштено на Ветерот зошто тој беше главниот актер во неговите авантури.

Авантури за кои многумина би рекле дека не се ни приближно блиску до нешто што се нарекува авантура, но со оглед на податокот дека не се работи за обичен и вистински човек, туку за Ветер кој е обликуван во човек, за некого самото тоа е извонредно. И можеби некој ќе си рече

какви ветар во магла продава оваа приказна, и тоа е сосема во ред.

Додека наоѓате смисла и во продавањето на ветер и магла, вие не сте потрошиле залудно ниту една минута читајќи ја приказната за патувањата на Ветерот. Друг некој ќе рече дека ова не е ни приближно продавање на ветер во магла, и тоа повторно е во ред. Најверојатно тој што ќе си помисли така пронашол многу поголема смисла во самата приказна од оној кој ја видел смислата во продавањето на ветер во магла.

Јас, како раскажувач на приказната за ветерот во човечка форма, или во старечкиот дом познат како Зефир Венти, ќе ви кажам дека ниту една приказна која е некогаш напишана, не останала непрочитана, макар била и продавање ветер во магла. Сигурно не останала да

биде прочитана, а да не биде прераскажана.
На позитивен или негативен начин, сигурно ќе биде раскажана од неколкумина, а тоа е доволно за да се чуе за постоењето на некаква приказна.
А, понатаму, во зависност од тоа како ќе ја прифатат слушателите ќе си го најде своето место меѓу приказните. Или ќе биде долго прераскажувана, или ќе биде заборавена. Во двата случаи добро е што постои било каква приказна. Без оглед на понатамошните случувања, секоја приказна можела да има поинаков почеток и крај.
И оваа приказна која јас ви ја раскажувам можеше да има сосема поинаков почеток, до крајот уште не сме стигнале, но и тој би можел да биде различен од тоа каков што е сега.

Впрочем, како и останатите работи во нашите животи, сите тие би можеле да имаат поразличен почеток и тек, и на крај завршеток.
И секоја приказна може да биде прераскажана на многу различни начини, и да се разликува од оригиналната, па доколку некој одлучи да ја прераскаже приказната за ветерот Зефир Венти слободно може да ја измени како што му одговара и да ѝ даде поинаков тек на настаните.
Тоа нема да значи дека неговите патувања не постоеле или дека не вредат, или дека не се важни, популарни, возбудливи или досадни, туку дека Ветерот ќе продолжи да живее повторно и во малку поинакво светло.
Важно е да продолжи да се раскажува, да бидат раскажувани илјадници приказни

или една иста приказна во илјада верзии. Да се навратиме на Детето, тоа беше спасено затоа што кај Ветерот во тој момент преовладуваше човечкото, тоа што му помогна да биде претворен во човек. Додека сите останати кои го одминуваа и се однесуваа како да не му е потребна помош на ранливо и беспомошно дете кое лежи со дупната глава, кај нив не дека отсуствуваше човечкото, но тие не му дозволија да се разбуди доволно за да би ги натерало да помогнат.

И во случајот со градинарот, тој имаше шанса да ја исправи грешката од минатото, и му беше овозможено да ја доживее семејната атмосфера и можноста да се грижи за некого, освен за цвеќиња, и без тој тоа да го побара или да се обиде да го постигне сам. Но, сепак одлучи да го прифати предизвикот иако претходно имал

одлучено дека ќе живее поинаков живот. Случајот со градинарот вели дека животот дава поправен испит за некое прашање кое ни било многу важно, а од нас зависи дали ќе прифатиме да „полагаме" по втор пат. Долетувањето во двор од куќа во која се прославува беше уште една прилика

Ветерот да се запознае и со таквата страна на луѓето, но и уште една прилика Валерија и мајка ѝ да учествуваат на еден несекојдневен настан.

Можеби настанот на кој беа сведоци не им го промени животот од корен како што тоа беше случајот со Детето, но им покажа дека додека живеат можат да се случуваат многу непредвидливи, неочекувани и незамисливи работи.

А, некогаш и самото тоа сознание, и верувањето во него е доволно за некој аспект од животот да биде променет. И

конечно, живеењето во институција со толку различни луѓе, на горе-долу слична возраст, секој од нив со различна сторија секоја посебна на свој начин, го научи дека луѓето имаат потреба да бидат покрај други луѓе целиот живот дури и кога се во последниот стадиум пред да си заминат од овој свет.

Плус тоа, во домот научи дека годините се само бројка, и дека нивните години не ги спречува да се забавуваат како што тоа го правеле многу години претходно. Научниците ја постигнаа својата цел и експериментот се покажа како успешен. Едната цел за да биде променет нечиј живот беше исполнета многу полесно отколку што очекуваа. Затоа што доколку не можеа да се активираат емоциите кај Ветерот до тој степен, ќе мораа тие да интервенираат на нивен начин и пак ќе беше прашање дали

ќе може да се снајде тој како што треба во некоја друга ситуација каде ќе требаше нечиј друг живот да биде променет. Другата цел за да докажат дека животот на Земјата не е лесен исто така беше исполнета. Како додаток на ова беше и дека некој кој немал никакво искуство со живот на Земјата би можел лесно да се прилагоди, но со помош на многу фактори кои претходно се опишани во процесот на претворање на ветерот во човек.

Приказната вели дека во правилата стоело дека не може било кој ветер да биде претворен во човек. Тука станувало збор за огромна и внимателна селекција која само врвните научници што ја создале таа нова дисциплина можеле да ја направат. И кога е во прашање Зефир Венти воопшто не погрешиле. Ќе ми извините доколку не ви се допадна приказната за неговото

патување. Јас само ја прераскажав како што сум ја разбрала. И испадна дека е сосема нова приказна. И името на ветерот изгледа сум го променила. Најверојатно и текот на настаните. И неговите патувања. Додека другите ветрови кои немаат човечки облик некогаш го променувале текот на историјата, ја инспирирале митологијата, овозможувале извор на струја, Зефир Венти ако ништо друго, ќе го промени бројот на приказни кои вие сте ги прочитале.

*Најверојатно, оваа нова приказна за ветерот – човек Зефир Венти чека да биде прочитана и прераскажувана во сите нејзини можни форми.*

СОДРЖИНА

Пристигнувањето на големиот Ветер........ 4

Средба со градинарот............................ 8

Времето и прашањата на Ветерот.......... 13

Љубопитниот Ветер и неговите размислувања 18

Само едно прашање добива вистински одговор............................................ 22

Спасување на живот ........................... 25

Радоста на детето ............................... 33

Животен пресврт................................. 37

Нов живот ......................................... 43

Грижливиот Ветер .............................. 46

Историско патување и претворање од ветер во човек........................................... 50

Добрите дела се паметат вечно ............ 54

Кога недостигаат оние кои ги нема........ 64

Важниот разговор помеѓу Ветерот и Детето ........................................................ 71
Последните денови на Ветерот на првото патување ........................................... 79
Заминувањето на Големиот Ветер во нови авантури ............................................ 92
Почетокот на второто патување ........... 96
Мистериозното исчезнување и појавување 102
Неочекувана средба ...........................108
Измачувачки прашања ........................121
Зефир Венти ......................................128
Последните денови од патувањето .......136
Откривање на причините за настаните .148
Објаснување за мистериозното исчезнување и појавување ..................157